ВНАТРЕШЕН ПАТНИК

Списание на студентите при
Филозофскиот факултет

15




ВИТОМИР МИТЕВСКИ
ПОЧЕТОЦИ НА ЗАПАДНАТА ФИЛОСОФИЈА
ПРЕТСОКРАТОВЦИ
СПЕКТАР
МАТИЦА МАКЕДОНСКА


Љупчо Арсински
Горан Арсински
Зоранче Михајлов
ОСНОВИ НА ДЕФЕКТОЛОШКАТА ТЕОРИЈА И ПРАКТИКА


БАЛКАНСКИ ЦЕНТАР ЗА МИР
ТРАЈАН ГОЦЕВСКИ
ВЛАДИМИР ОРТАКОВСКИ
ЛИДИЈА ГЕОРГИЕВА
РАЗРЕШУВАЊЕ И ТРАНСФОРМАЦИЈА НА КОНФЛИКТИТЕ
КАТЕДРА ЗА ПРОУЧУВАЊЕ НА КУЛТУРАТА НА МИРОТ
Македонска ризница


БАЛКАНСКИ ЦЕНТАР ЗА МИР
Митко Котовчевски
ИЗВОРИ НА ЗАГРОЗУВАЊЕ НА МИРОТ И НА НАЦИОНАЛНАТА БЕЗБЕДНОСТ
Скопје, 1999

Од Сојузот....

Почитувани колешки и колеги,

Започна новата студиска година а со тоа и еве, излезе нашиот прв број на "Внатрешен патник" во оваа студиска година.

Сојузот на студенти на сите колеги им се заблагодарува за помошта што му ја изразија во собирањето на петициите за октомвриска сесија и последната за добивањето на уште една условна ноемвриска сесија. ССФзФ докажа дека е организација која многу успешно ги решава проблемите на студентите со студиите. За првпат се добиени уште две условни сесии.

Во претстојниот период ССФзФ ќе спроведе повеќе активности од различен карактер (културно, забавни, спортски, поетски...) од кои ќе ги споменеме: Издавањето на збирка поезија од песни на наши студенти, филозофски спортски денови од 05 до 10-ти декември, филозофски театарски фестивал, повеќе забави во реномирани дискотеки итн. ССФзФ Ве повикува активно да се вклучите во сите активности.

Сите студенти кои сакаат да стапат во контакт со СФ претставниците на студентската организација тоа можат да го направат ако дојдат во просторијата на ССФзФ или да се јават на тел. 116-520 лок. 230.

Сојуз на студенти на
Филозофски факултет

ИНТЕРВЈУ СО ОРЦЕ РИСТОВСКИ,

претседател на Сојуз на студенти на Филозофскиот факултет - Скопје,



Орце Ристовски е роден 19__ година во Делчево. Тој е апсолвент на Филозофскиот факултет група - одбрана. Во 199__ година е избран за претседател на Сојуз на студенти на Филозофскиот факултет - Скопје.

1. Ова е започнувањето на втората година од Вашиот мандат како претседател на Сојузот на студенти на Филозофскиот факултет, како се чувствувате како лидер на една ваква значајна организација, и кои се Вашите оценки за досегашната работа?

Орце Ристовски: Моја проценка е дека студентските организации воопшто, како и другите видови ангажирање и организирање на оваа старостна група во општеството се бездруго едни од најмоќните, а ако не најмоќна, тогаш секако најпотенцијална и најкреативна сила во општеството. Од таа перспектива гледано чувството да се биде лидер на ваква организирана сила е вознесувачко, но бездруго тоа чувство треба да го следи соодветна претпазливост и одговорност во проектирањето и извршувањето на задачите.

Што се однесува пак за досега стореното ценам дека е малку неблагодарно да се суди сам за себе, но резултатите се веќе забележливи и тие во една среднорочна перспектива ќе бидат уште потраспарентни.

Сепак најмногу би сакал за мојата работа и залагања да пресудат самите студенти.

2. Кои се позначајните успеси на Сојузот во изминатиов период?

Орце Ристовски: Моја проценка беше дека основен услов за трајно, стабилно и позитивно рабо-

тење на Сојузот е нужно квалитетно кадровско екипирање што се постига преку децентрализација и приближување кон секој еден студент, отвореност и транспарентност во работата.

Таквата посатвеност на Сојузот веќе ги покажа своите резултати. Сојузот ги оствари сите основни задачи што треба за секој Сојуз да се приоритет и се базичен интерес за секој студент: се изборивме за двете казнени сесии (октомвриска и мартовска), а во моментов се залагаме за намалување на бројот на испити за годишен услов, го започнавме процесот на анкетирање на студентите за сите нивни проблеми и визии за развој на образовниот процес со што ги ставаме студентите во позиција на активен чинител во истиот.

Првата анкета излезе во нашиот весник "Внатрешен патник" а планирани се и следат две други во текот на наредната сесија. Во меѓувреме "Внатрешен патник" изгради имиџ на респектибилен студентски весник преку неговото издавање во адекватни термини и тиражна принципиелност, при што во изминатиов период излегоа четири броја од весникот. Сојузот забележа значајни резултати во областа на спортот преку организирање на два турнира во мал фудбал како и конституирање на кошаркарска екипа која достоинствено не претстави во Универзитетската лига.

Уште би напомнал дека континуирано се грижиме за организација на забавниот живот на нашите студенти преку многубројни забави и други случувања а со петицијата на Сојузот беше реотворено и бифето на нашиот факултет.

Токму оваа петиција која беше испратена до Министерот за образование, Ректорот и деканите на Филозофскиот и Филолошкиот факултет ја покажува сериозноста на нашите усилби и посветеноста со која работиме.

3. Кои беа најголемите проблеми со кои се соочивте во извршувањето на своите задолженија и исполнувањето на своите визии?

Орце Ристовски: Веќе Ви ја напомнав кадровската неекипираност и непостоењето на поголема комуникација меѓу Сојузот и студентот-поединец. За тоа правиме огромни усилби и кога тоа ќе го постигнеме работата многу ќе ни се олесни, а резултатите ќе бидат многу поголеми.

Се разбира како и сите студентски организации и ние на почетокот се судривме со односот екс - катедра, но ние со својата сериозност и доследност го зацврстивме своето место на значаен фактор во факултетските инстанци. Но тука морам да напомнам дека на нашиот факултет можеби најмалку се чувствува овој конзервативен однос, бидејќи овој факултет го предводат големи интелектуалци, отворени и креативни умови.

4. Што значи за еден студент да биде претседател на Сојузот, дали е тоа привилегија, обврска или само изгубено време?

Орце Ристовски: Зборот привилегија е можеби малку несоодветен, но за еден чесен и доблесен човек тоа е бездруго голема чест.

Од досега кажаното сметам дека сами можете да заклучите колкава обврска е функцијата, но она што морам да го подвлечам е дека таа никако не е изгубено време, јас Ви сугерирам да користите посветено време и тоа правилно посветено.

5. Кои се Вашите визии и идеи за идните активности и иднината на Сојузот воопшто и кои активности се најприоритетни во моментов?

Орце Ристовски: Откако изградивме релативно стабилна организациона структура сметам дека сме доволно силни да се впуштиме храбро во модерните правци и ангажирање. Во таа смисла ценам дека треба да ги прифатиме тенденциите за глобализација на образовните и младинските проблеми и ангажмани. Затоа приоритет во овој период ќе имаат меѓународните контакти и отварање на процеси на зголемена комуникација со младински и студентски организации како од земјата, така и од регионот и светот воопшто.

Во наредниот период конкретно работиме на организација на меѓународен театарски фестивал во соработка со невладината организација МКД Прокултура, која ни дава голема поддршка во меѓународната активност за овој проект, но и воопшто.

6. Во првиот овогодишен број би сакале да ги чуеме Вашите пораки и совети до младите бруцоши од генерацијата 1999/2000, што првиот студент на Филозофскиот факултет им порачува на своите колеги во месеците на пречек на новиот милениум.

Орце Ристовски: Јас од оваа позиција морам и навистина верувам во подмладокот, во најсвежите потенцијали на факултетот, и искрено се надевам дека тие знаат колку наследство лежи во нивните индекси и каква обврска носат со самото запишување. Сакам да Ви пренесам дека наполно свесен за актуелните проблеми на нашиот образовен систем , и нужните реформи сепак Вие станавте студенти - интегрален дел на најголемиот македонски расадник на умови -Филозофскиот факултет и тоа треба да Ви биде чест. Не заради чест и почит кон нешто или некого туку пред сé и над сé заради почит и чест за себе и пред себе.

Ве повикувам во новиот милениум како едно тело, како врвен интелектуален сублимат заедно да бидеме предводници во изградбата на нов модерен образовен систем и средина погодна за создавање на нови широкообразовни и висококвалификувани поединци.

ДОБРЕ ДОЈДОВТЕ, ДРАГИ БРУЦОШИ



Најнапред да Ви посакаме добредојде на оваа високообразовна институција и да Ви кажеме дека со уписот на овој факултет го направивте вистинскиот избор за Вашата идна професија.

Пред Вас стојат четири студиски години исполнети со убави моменти од кои ќе произлезат бројни убави спомени кои ќе ги паметите во текот на целиот живот. Секој оној кој бил студент за периодот на студиите си споменува како на најубавиот во неговиот живот.

Во текот на четиригодишните студии со Вас ќе работи високостручен наставен кадар, кој ќе Ви помогне да се стекнете со квалитетни знаења со кои подоцна полесно ќе се пробивате во животот.

Привилегија и чест е да се има индексот на Филозофски факултет бидејќи од големиот број кандидати кои се пријавија за упис на Филозофскиот факултет истото го сторија само најдобрите.

Инаку Филозофскиот факултет е најстарата високообразовна институција ги влече уште пред Втората Светска војна а како Филозофски факултет постои од 1946 година. Од нашиот факултет како посебни подоцна се издвоиле ПМФ и Филолошки факултет.

Со уписот на Филозофски факултет станувате и членови на Сојузот на студенти на Филозофски факултет. Тоа е организација која остварува нонтинуирана соработка со студентите од сите студиски години, за што поуспешно решавање на проблемите кои ги наметнуваат студиите. Сојузот на студенти е и организацијата за исполнување на бројни Ваши идеи. Затоа Ве повикуваме да земете учество во сите активности на организацијата.

По повод почетокот на новата студиска година на 4 - ти октомври во 12 h се одржа свечен прием на новите студенти. Првин на новите студенти им се обрати Деканот на Филозофскиот факултет, проф. д-р Трајан Гошевски.

Во неговото обраќање тој топло ги поздрави новите студенти и укажа на значењето на Филозофски факултет исто така им посака многу успех во студиите и брзо дипломирање.

Нашите нови колеги ги поздрави и Орце Ристовски претседател на ССФзФ. Тој на студентите им укажа за значењето на студенстаката организација и нивното место во неа.

Новата учебна година е во тек. Добрата посетеност на предавањата укажува на големиот интерес на студентите за наставата.

Останува уште еднаш да Ви посакаме добредојде на Филозофски факултет и успешни студии и убав студентски живот.

ССФзФ

Љубен Тевдовски

КУЛТУРАТА

ИДЕНТИТЕТ ИЛИ КОМПЛЕКС

Гледајќи го грандиозниов наслов што остава широко отворена порта за теорија, помалку исплашен од себе и воодушевувајќи се на својата малечкост пред седржечкото, на самиот почеток ќе наведам дека темата ќе ја начнеме со воздржана егзакност. Имено претставувањето ќе го отвориме на сцената на археолошкиот театар, преку методите на можеби најегзакната наука во комплексот на историско-социолошките, онаа која во егзакноста ја наоѓа својата автентичност. Во археологијата културата ја наоѓаме во земјините слоеви во кои ја откриваме така невина, збунето - здрвена, мраморно - трепетна како разголена селска девица. При тоа сеуште заљубено ја гледаме нејзината убавина, на обременета од нашите зашеметени очекувања и нејзиното кокетирање низ широките зачадени салони на времето и полупрозирните руби на преземната потребност. Освен тоа таа никогаш не може да ни побегне од прегратката оти нашиот слој е просторна одреденост, а дупка во времето.

И за да не ве наведам и Вас во збудалување од нејзината убиственост, ќе ве вратам назад да ви ја кажам причината зошто ја направивме оваа дигресија, која е чуден почетокот на темата од која всушност благо отстапува.

Главен археолошки проблем е мешањето на културните слоеви. Тоа може да се случи при навлегување на една култура во друга: при лицемерно ставање златни маски на ликата на новиот слој кој не заслужува да го носи името на поздравиот дури и со претставката нео-, и со несмасната рака на археологот кој намерно или од незнаење ќе го завлече немарно копачот, тој понижувачки Марксов трудов инструмент - двигател на "прогресот", вадејќи каша од нејасни парченца кои тераат на бес до плач.

Од оваа позиција можеме да повлечеме паралела кон свеста, каде ќе ги најдеме идентитетот и комплексите заплеткани истите оние културни талози, сега претставени преку сплет мислечки концепти образувајќи недоречени идеологии.

Со ваквата своја вредносна распарченост се втурнуваме во јаловата контрадикторност, крајна непродуктивност (утилитаристички гледано) или збунувачка интровертност и губење на самодовербата.

Оттука сме ја одгатнале "ахилова пета" на свеста егзалтирана од културата. Додека културата во "нудус" лебди над седумте небиња нејзиниот призмичен одраз во свеста е точкасто хаотичен.

Оттука културата која бележи драматични промени, континуирана осуденост на восклик без воздишка, репродуцира врз свеста како конзервативна категорија драматичен дисконтинуитет. Имено, свеста - администратор на вредностите и нивна происходна матрица, воспоставува цврст систем, кој ја ограничува креативноста стискајќи ја во прегратките на топлата сигурност или таканаречениот идентитет. Во наглите промени на културните вредности, културата се вткајува и преточува како зрно песок во песочен часовник, но сложените вериги на систематизирани вредности во свеста не се претка̀јуваат туку грубо и болно се туркаат во "бездната" на потсвеста од каде како ехо извираат во громозорни одзвуци на фрустрирачка изопаченост, создавајќи ги комплексите, кои се како илјадалетни солени бранови на брегови во крвјосани рани.



ГЕНЕЗА И РАЗВОЈ НА СОЦИЈАЛНАТА РАБОТА

Мал е бројот на оние кои ја сфаќаат суштината на социјалната работа т.е. оние кои знаат што всушност претставува социјалната работа. Повеќето социјалната работа ја поистоветуваат со социологијата, а некои пак ја стават во ист кош со психологијата. Голем број луѓе ја сфаќаат социјалната работа единствено како материјална помош или помош во натура. Меѓутоа, проблематиката со која се занимава социјалната работа е подлабока и посложена. Иако во својата теорија социјалната работа користи некои психолошки, социолошки, педагошки, антрополошки... теории, таа не е иста што и социологија, социјалната работа не е ни психологија, а не е и едноставно пружање на материјална помош. Социјалната работа е посебна професија со која се бават стручњаци од таа област - дипломирани социјални работници. Социјалната работа е и општествена дејност која е присутна во голем број невладини и други институции.

Во документот на Националната асоцијација на социјалните работници, се вели: *социјалната работа е професионална активност која претставува помош на поединци, групи и локални заедници во збогатување и изградба на нови способности за социјално функционирање и остварување на социјални услови кои ги обезбедуваат овие цели.*

Имено социјалната работа како општествена дејност можеме да ја сретнеме уште многу одамна, таа има долга историја колку и човештвото. Самата таа зависи од многу фактори - економски, културни, демографски, историски..., но до крајот на XIX век таа може да се забележи дека функционира само како општествена дејност, како израз на каритативни и милосрдни чинови спрема сиромашните, болни, инвалиди итн. Најстарите облици на социјалната заштита (нешто што наликува на социјалната работа) е семејна и соседска помош. Помошта во семејството е карактеристична за патријархалните семејства и големите семејства од родовски вид, типични за капиталистичко време. Тоа значи дека доколку некој од семејството се најде во ситуација од социјалната потреба или има проблем, постои непишано правило другите од семејството безрезервно да му помогнат. Денес ваков вид помош има во егалитарните и демократски семејства. Сосетската помош е неутрален вид на помош и се применува уште од времето на формирање на првите локални заедници. Денес се прават обиди истата да се поттикне. Понатамошните облици на социјална заштита се верските заедници и локалните верски заедници чија активност се огледала во работата на парохијата на одредена територија, и световните лица кои се вклучувале во активностите на верските заедници. Од почетокот на XV век биле отварани и народни кујни. Нешто подоцна, во епохата на капитализмот се јавува одредено движење наречено патернализам. Во тој период има т.н. pater familias каде таткото е домаќин на семејството и неговата улога е доминантна. Така и тој - капиталистот, се однесува како татко, на тој начин што освен вработување, гради болници, семејни домо-

ви, училишта, библиотеки, народни кујни итн. Паралелно со патернализмот се јавува и филантропија т.е. човекољубие, со извесна алтруистичка нота. Како појава, филантропијата понекогаш е критикувана, особено во нејзините почетоци, како облик на докажување на угледните жени (нишка на потценување). Понатаму следуваат полициските форми на заштита кои во почетокот претставувале "борба" со бездомници, хулигани, проститутки, но денеска полициските форми на заштита се концентрираат на социјалните болести, епидемии, а нивната улога е многу посложена и е во врска со центрите за социјална работа. Последната форма се општествените движења (четириесетите години од XIX век), посебно во Европа која долго време е преплавена со синдикални, работнички, партиски движења и идеи, а сето тоа е резултат на брзиот развој на урбанизацијата каде се зголемени социјалните појави. На тло на сите тие здруженија, се издвојуваат две значајни организации - столбови за развој на професионална социјална работа.

1. Здружение на организација на милосрдие - charity organisation society

- Се формира во Англија, 1869 година, за време на големиот економски развој. Во својата работа членовите развивале многу методи и техники кои се користат и денес. Членовите најчесто биле волонтери - frendly visitors. Активностите биле пренесени и во САД.

2. Сетлементи - setlements

- Се формираат 1885 година под влијание на Рускин и Тојнби, кога бил отворен т.н. Тојби хол во кој живееле луѓе од различни професии (педагог, психолог, правник, лекар) за време од 1 до 3 години и делуваат на одредена територија, со цел да организираат социјална работа во заедница на доброволен план. Тие значеле за развој на таа заедница.

Денес како идиоми за социјална работа се јавуваат социјалната грижа, социјалната заштита, социјални интервенции, но се смета дека овој поим е многу поширок и опфаќа и низа други активности - непосредна заштита, психо - социјална терапија, воспитно социјална работа, правна регулатива и собир и културно - просветна работа.

Задачите на социјалната работа се прилагодуваат кон предметот на социјалната политика и социјалната заштита. Од дефиницијата за социјална работа произлегуваат и нејзините задачи кои постојано се менуваат, но во одреден период се става акцент на одредени активности, одредени социјални проблеми. Теоретски, методите со кои се користи социјална работа можат да се поделат на:

- социјална работа со поединец - социјална работа во група и
- социјална работа во локална заедница, но во праксата тие не можат остро да се поделат, бидејќи се користат одредени стратегии кои се исти за сите тие методи,

Марија Петровска



ЗА АКТОТ НА СОЗДАВАЊЕ (ПОЕДИНУВАЊЕ)

Дејствата на личноста слободно и логично го определуваат празниот простор кој истовремено станува медиум на исказот. Слободата да се биде е општ именител кој физички го креира ликот на слободното постоечко суштество и егзистентната понатамошност сета содржана во дејствата на истото. Рационалноста на процесите во светот (методолошки сватен како Моја прва понатамошност на бидувањето) се самообјаснува со поимите ослободеност, дејствување, создавање. Има ли некоја конкретност од ист вид што ќе го попречи Сократовиот творечки акт на Агора?

Кај него се работи за умно постапување кое го повнатрешнило и несократовското како лична метасубјективност, еден Бог на конкретната слобода да се протегнат каквостните потенцијали во бескрајно трагање по остварливост во духот на луѓето. Сите белези на индивидуално ниво се совечни, макар само во лишување на материјалот од неопределеност или, во Сократовиот случај, пораѓање на определивоста во знаците на суверената менталност на испитаникот. Една вредносна или темпорална ориентација сега е иреферентна, изгонета и објектноста, односно: почетокот на вклучување во, интервалите за пауза и крајот на процесот во било каков облик (говор, испитување, послушување, погледнување кон телевизорот итн.) се самопрогласени. Битно Мои, исти само на себе си - вредат колку и можноста да се универзализираат како перцепции на другите, но тоа не само формални категории. Додека стварното количество на присутност - модалитетот на стварно човечко творбено постоење (сам, во однос со друг човек, предмет, организација...) нераздвојно се поврзува со елементот на создавање. Токму она кое кај Епикур се нарекува clinamen. Освојувањето на празното со даденост, полност (кај гностичарите pliroma). Логичноста е чисто како предуслов за совместност, логичноста претставува празен простор кај Демокрит - една потентност веќе концептуализирана со присуството на atomos - неделивоста. Питагорејците тоа го карактеризираа како monas - единост, тоа што е дискретно, непарно, како што спомнав погоре еднакво на себе си, ограничено, неделиво за преку создавачкиот акт кој воедно е и познавателен интелектуално ја оплоди останатата неограниченост, парност, нееднаквост, во бидување. Умноста на односите на активниот, витален интелект со секоја другост во светот се изградува токму врз оваа метафизика, питагорејска, демокритска, епикурејска принципиелно ослободена од неопределеност (иако наградена со неа) и попречувачки артикулации, отворена кон сештоста и желна за суштност, божествена. Со ова се востоличува идејата за човекот како zoon poietikon, противно арабјанската философема за коинциденталноста на несоздадената создавачка природа Божја и несоздавачката создадена природа човекова во актот на "творење" (кој со тоа е лишен од автономија).

Субјективитетот ја претпримема како можност истовремено актуално воспоставувајќи ја секоја наредна согласност на творечките капацитети со трпната празност, која и за да го осуети панегоизмот т.е. раката на Микеланцело свесно контролирана замавнува со длетото отстранувајќи ги, согласно со својот дух веќе најаствените парчиња камен за да заедно со природата и во нејзин скут го открие убавиот Давид на пр.

Преку актот на создавање иднината е нужно привлечена кон сегашноста заедно облагородувајќи го мигот на раѓање на минатоста. Тоталитетот човек - свет е питагорејскиот trias, тоа е Nous или ултимативното обесоздавачко единство кое ја воведува духовноста во златниот еон.

На крај, формулата на создавањето (поединувањето) каква му се открива на умот:

идентитет - спротивност - единство

"Она што е друго е исто, е она што е идентично со себе: другото она што не е идентично со себе исто така е исто, она што е еднакво со себе исто така е друго и тоа во една и иста смисла"

Питагора

КУЛТУРАТА Е УНИВЕРЗАЛНА РЕЛИГИЈА НА ДУХОТ

- изјави неодамна познатиот македонски драматург Јордан Плевнеш во едно свое интервју за дневниот печат.

Малку подлабоко, истото значи дека човекот се појавил во мигот кога се појавила неговата моќ за симболизација, т.е. да се изразува и создава културни вредности. Значи, културата се јавува како резултат на сменувањето или преломот од антропоидното во хуманистичкото општество. Пред да го екстериоризираме нашето видување за состојбите во културата денес, би сакале да запрашаме:" Дали тој прелом на антропоидното општество во хумано е вистина историски потврден во Македонија?

Духовната ситуација во денешницата можеме да ја резимираме во едно постепено губење на навиката за уметност, културни вредности, т.е. културата, или ако сакате терминолошки, преку познатиот став на Шилер:"кога ќе се раскине врската меѓу духовното и уметноста, тогаш повторно се враќа во анимализмот. Наместо човек да се одуховува, тој се оживотува". Дали, условно дефинирано, ова значи дека на културно поле се враќаме на основите? Дали културата и духовното творештво денес се губат или постои само нивно разминување? Дали на културата и уметноста веќе и е одзвонето?

Во ова време, време на дречливи ревии полни со голи слики, синтетички филмови, псевдо музички новокомпонирани песни, дајнез романи..., на една тековна дречливост кога веќе исчезнува пијанисимото, кога се врши атака на нашите пориви, се наоѓаме во една криза на вредностите, време на распаднати вредности, време на прекин со традицијата, прекин со трите најголеми вредности кои го држат човекот:

1. вистината;
2. добрината;
3. убавината;

Со нивното распаѓање, обидот да се излезе од распадот на вредностите катадневно го бараме во борбата да се воспостави аксиологијата. Настојуваме да воспоставиме нови норми и критериуми преку одговорите на прашањата од типот:

- дали вредностите се во духот на времето или се надвременски?

- дали има нови вредности или се е само варијација на претходните три?

- дали во основите на нашиот опстанок е можен некој радикален пресврт? итн.

Да се надеваме дека се повеќе Гадамеровци ќе се раѓаат понатаму, за да се направи доминација на тезата дена не можеме да избегнеме од традицијата, т.е. не можеме да раскинеме со трите вредности, а преку нив и со културата, зошто човекот е од, во и кон нешто. Тој е единство на минатото, сегашноста и утрешнината со еден континуитет во светот на вредностите кои се историски.

После отварањето на балетската сезона за годинава балетот "Жизел" на Адолф Адам со оркестарска музика под диригентство на Ијмар Љапиш од Виена, а во кореографија на Роберт Кљавин од Киев, во понеделникот на 4 октомври во МНТ, како и изведувањето на операта "Боеми" од Џакомо Пучини, со



која започна оперската сезона за 21 септември, во четврток на 7 октомври уште едно отварање на престојната сезона. Овојпат станува збор за Македонската филхармонија која со свечен концерт во домот на АРМ ќе ја започне својата концертна сезона. На програмата, за почеток, се дела на Манчев, Прокофјев и Бунер, а под диригентска палка на Леонид Николчев од Русија. Како гостин на вечерата е предвиден виолинистот, декан на конзерваториумот Чајковски, Сергеј Кварченко од Русија. Со овој концерт, кој како свечано отварање на концертната сезона, ќе започнува со реализација на програмата на културни манифестации за годинава, а во која се настојува да се повикаат врвни странски гости, дел од оние кои веќе имавме можност да ги видиме на репертоарот на Охридско културно лето.



Покрај балетот, операта и филхармонијата, започна со работа и театарската сезона. Македонскиот народен театар ја започна театарската сезона на 23 септември на малата сцена во МНТ со "Антигона во техноленд" од Софокле, а во режија на Бугарскиот режисер Галин Стоев. Инаку оваа, претстава својата светска премиера, а после која уште два пати беше поставена, ја имаше во Берлин во театарот "Ренесанс" во рамките на Берлинскиот фестивал.

Исто така, во саботата на 25 септември во Драмскиот театар започна новата сезона со претставата "Платонов" од Чехов, а во режија на Димитар Станковски, директор на театарот, претстава која целосно е финансирана од Министерството за култура.

Да се надеваме дека вообичаените гафови поврзани со овие манифестации, кои манифестации треба да бидат репрезенти на македонската култура, сигурност и квалитет, а се резултат на застареноста на механиката, аматеризмот и неажурноста, годинава ќе исчезнат од предне план. Да се греши е природно, но да се замиже, а да не се биде свесен за својата грешка, ја поништува смислата на еден живот, во овој случај една култура.



Во потврда на истово е и распишаниот конкурс во македонската филхармонија за прием на нови музичари, новото осветлување на салата, реконструкцијата на системот за вентилација и климатизација како и солидната програма и проект за објавувања дела на македонски композитори, кој што, како што наведува дневниот печат, го поминал советот за радиодифузија.

Да им посакаме успех и полни сали во престојната сезона како еден вид потврда за сите напори и регрутации на нови идеи со кои годинашната сезона настојуваат да ја доведат на повисоко ниво на квалитет од претходната. Впрочем затоа и постои таа вертикална скала на вредности во која појдовната база, т.е. антрополошкиот анејрон е одамна надминат.

Дејан Донев

ДЕТЕТО ВО СЛОБОДНИТЕ АКТИВНОСТИ И ДЕТСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ

Во формирање на личноста на детето, во формирањето на неговиот карактер, волјата, чувствата, моралната свест и односот спрема настаните што го окружуваат, влијаат многубројни фактори. Покрај, семејството, и училиштето, како најизразити фактори во воспитувањето и образованието на децата, општествените детски организации и институции и учеството на децата во нив претставуваат мошне моќно средство во рацете на одговорните фактори што се заинтересирани за воспитувањето и образованието на младите генерации.

Општествената активност на учениците низ разните ученички слободни активности, организации како *што се: Сојузот на извидниците*, разните дружини и групи на млади техничари, литерати, уметници, спортисти и други, претставуваат идеални форми за задоволување на многубројните и разновидни интереси, желби, склоности, таленти и идеали.

По карактерот и природата на својата работа и по карактерот на својата тематика, работата на детските организации и институции има волшебна моќ во привлекувањето на децата. Тие им даваат и им го надоместуваат сето она што семејството и училиштето не се во состојба да им го дадат.

Со својата богата и разновидна содржина слободните активности, детските организации и институции развиваат кај децата многубројни позитивни карактерни својства - развиваат интелектуални, морални и физички сили, го помагаат развивањето на културните и работните навики, го прошируваат кругот на нивните претстави, поими и сл.

Животот на детската организација има своја сопствена логика, сопствени норми, сопствен морал и етика, низ нив се корегираат разни негативни особини, се искоренуваат недругарските односи и сфаќања, егоизмот и сличните негативни карактерни особини.

Општественото и моралното воспитување наоѓа сериозна потпора и содржина на работа на детските организации.

Со својата содржина и методологија на работа, детските организации *играат мошне значајна* улога во професионалната и школската ориентација на децата.

Детските слободни активности и организации ни даваат многустрана корист за правилно обликување на детската личност и за нивно правилно воспитување и образование.

Животот и работата на децата во детските организации е толку драгоцена што секој родител треба да најде доволно време и разбирање да негува правилен однос на своето дете спрема детските организации, да му создава услови и можности за што посодржајно изградување на детството. А тоа најдобро се доживува во детските организации во заедница со врсниците и другарите.

Златко Јанкулов

ДЕТЕТО И ОДНОСИТЕ ВО СЕМЕЈСТВОТО

"Пред да почнете да ги воспитувате своите деца, проверете го своето сопствено поведение"

Макаренко



Покрај другите фактори што делуваат на развитокот и воспитувањето на детето, семејството е секако еден од основните фактори за формирање на личноста на детето. Во семејството детето ги задоволува своите органски потреби, тука во допир со мајката, таткото и другите домашни се врши неговата социјализација, тука постепено од немоќно суштество се изградува човек. Во периодот на најтесната поврзаност со семејството, до школската возраст, детето учи во семејството. Тука во оваа средина детето прима основни навики, сфаќања, изградува критериум за оценка на луѓето, настаните и појавите, со еден збор ги прима основните особини и карактеристики на средината во која живее.

За правилниот развиток и воспитување на детето во семејството, од големо значење се односите во семејството и односите на родителите кон детето, како и тоа како тие односи се одразуваат на неговата личност.

Во нормална, топла семејна атмосфера, во која нема потреси секој член ги врши своите обврски и задолженија, нема пречки за правилниот развиток и воспитување на детето.

Секое пореметување на оваа атмосфера детето уште во првите години на животот ја чувствува. Најситните недоразбирања помеѓу родителите или затегнатата атмосфера детето ќе ја осети, и ваквата атмосфера делува негативно врз детскиот развиток, врз неговата психа. Продолжувањето на ваквата атмосфера остава траги во неговиот развиток, на неговите чувства кон родителите, на формирањето на неговите карактерни црти.

Во ваквата ситуација, детето почнува да се чувствува осамено, запоставено и преживува тешки психолошки кризи.

Посебно е тешка положбата на детето кое се развива во несреќен брак, каде што се сретнуваат караници, викање, тепање и сл. Неговата бурна емоционалност го води од еден до дру родител. Не наоѓа одговор на низа прашања што му се јавуваат, постепено ја губи довербата во родителите, препуштено на случајни допири паѓа во лошо друштво и стекнува негативни навики.

Разводот на родителите, негативно се одразува во воспитувањето

на детето. Ако детето не е подготвено за овој настан, преживува тешки психолошки кризи. Посебно ако помеѓу родителите не постои согласност во однос на иднината на детето, кога настануваат судски спорови, караници и др. Не ретко, едниот родител пред детето го напаѓа другиот, му забранува да го види родителот, му се поставуваат задачи итн. Во овој случај, родителите се сами причина детето да стане дволично, да води двоен живот, да лаже, да краде, да шпиунира и сл.

Покрај тоа ненормалните односи помеѓу родителите создаваат кај децата крива слика за животот и односите помеѓу луѓето. Под влијание на односите помеѓу родителите детето се учи да лаже, да станува лицемерно, тешко да се социјализира. Создадени се услови за развивање на егоизам, тврдоглавост, завист, љубомора итн.

Поради тоа меѓусебната љубов и разбирање на родителите, љубовта кон детето и разбирањето на неговите потреби, топлата семејна атмосфера, правилните односи со другите луѓе се услови за воспитување на позитивни карактерни црти. Примерот на родителите е главното средство за воспитувањето. При лоши примери не помага никаков збор, никаква поука.

Взаемните односи на родителите тесно се поврзани со нивните односи кон детето.

Во основата на правилното воспитување на децата лежи љубовта на родителите кон детето, разбирањето на неговите потреби.

Само така може да се здобие довербата на детето. Взаемната доверба создава услови и можности родителот да ги отстранува негативните карактерни црти кај детето и без тешкотии да ги воведува во животот.

Само цврсти семејни и брачни односи, меѓусебното разбирање на родителите, нивниот тактичен однос со детето, а пред сé нивната љубов и разбирање за детето и неговите потреби, создаваат благопријатни услови за правилен развиток и воспитување на детето.

Детето сака да биде сакано од родителите, од средината и општеството во кое живее, а тоа помага да ги усвои општествените норми на поведение и да изгради такви карактерни црти кои ќе му користат општествената заедница да го прими како корисен член.

Оливера Гроздановска

СОЗДАВАЊЕ НА СЕВЕРНО-АТЛАНТСКИОТ ПАКТ НАТО



Идејната основа за формирање на оваа организација ја дал В. Черчил во еден говор во Фултонво кој рекол дека "ако западните демократии застанат заедно во блиска поврзаност кон принципите на Повелбата на ООН нивното влијание во остварувањата на тие принципи, ќе биде огромно и никој не ќе се осуди да ги вознемири". Организацијата за европска соработка која била создадена на основа врз Маршаловиот план била претходница за создавање на воено-политички сојуз на западните земји. Пред да биде формиран НАТО пактот во светот се случиле настани кои го зголемиле стравот на западните земји од "комунизмот" (Кинеската граѓанска војна, ударот во Чехословачка).

На 11.06.1948 година од американскиот Конгрес била донесена Вандербергова резолуција со која од САД се барало да се поврзе со западноевропските земји за заедничка одбрана. Во Резолуцијата им се препорачувало на САД да се приклучат кон регионалниот систем на европска безбедност. Сенаторот Ванденберг успеал да го убеди Конгресот не само да даде воена помош туку со усвоениот закон врз база на поднесената Резолуција, Конгресот дозволил САД да пристапат кон регионалниот систем на европска безбедност. Овој закон бил основа за почетокот на преговори на САД со западноевропските држави за создавање на НАТО пактот. На нацрт текстот за пактот работеле претставници од 7 држави основачи и тоа: Канада, Англија, Холандија, Франција, Луксембург, Белгија и САД, но главен составувач бил американскиот претставник Дин Ачесон.

Претходница на НАТО пактот бил Бриселскиот договор склучен на 17.03.1948 година меѓу Велика Британија, Франција, Холандија и Луксембург. Со тоа бил формиран западноевропски воен сојуз, без присуство на САД, и затоа Џорџ Маршал се ангажирал од Конгресот на САД да добие одобрување да влезе во овој регионален сојуз. По добиената дозвола САД активно се ангажирале во остварување на оваа идеја и одиграле најголема улога во создавањето на западната алијанса која ќе стане хегемон кој ќе се спротиставува на социјалистичките држави и земјите во развој.

Врз основа на резолуцијата од 4 април 1949 година бил формиран НАТО пактот во Вашингтон, кога министрите за надворешни работи на 12 земји САД, Велика Британија, Франција, Италија, Канада, Белгија, Холандија, Луксембург, Данска, Норвешка, Исланд и Португалија, ја потпишале резолуцијата. Во февруари 1952 година се приклучиле Грција и Турција а во 1955 година и Сојузна Република Германија. Во Резолуцијата се потенцира дека "државите кои учествуваат во овој договор поддржувајќи ги принципите на Повелбата на ООН, како и желбата да живеат во мир со сите народи, како и подготвеноста да ја бранат слободата и демократијата во зоната на Северен Атлантик одлучиле да ја обединат својата сила за заедничка одбрана и за зачувување на мирот и безбедноста и го склучиле Северноатлантскиот пакт".

Структурата на НАТО се состои од две организации: цивилна и воена. Највисок орган бил Советот на НАТО во кој влегуваат министрите за надворешни работи, финансии и одбрана на земјите членки. Постоеле и неколку органи од советодавен карактер како и генерален секретар. Во воената структура главен орган бил Воениот комитет во кој учествувале шефовите на генералштабовите.

Работата на оваа организација не одела без внатрешни несогласувања и отворени кризи (пр. е повлекувањето на француските сили во 1966 од НАТО, проблемите околу заедничка стратегија, како и концептот на надворешната политика, распоред на трошоците за финансирање итн). Но, воглавно НАТО пактот им послужил на Западните сојузници како средство за притисок на СССР и источноевропските земји. Пактот бил склучен на неограничено време, со можност некоја од земјите членки да се откаже. Нападот на било која земја членка се сметало за напад на сите земји потписнички.

Сашко Стојчевски

ГРАЃАНСКАТА ВОЈНА ВО КИНА И ПРОГЛАСУВАЊЕ НА НАРОДНА РЕПУБЛИКА КИНА

Кина во Втората Светска Војна излегла поделена на два дела, од една страна биле силите на Куомитангот на чело со Чанг Кај Шек, а од друга страна била Комунистичката партија на чело со Мао Це Тунг. После поразот на Јапонија во рацете на комунистите од Кина потпаднале поголем дел од областите кои ги држеле Јапонците. Но, тие не се труделе да се задржат во градовите, туку нивните сили воглавно се стационирале во селските области. За разлика од нив, Куомитангот своите сили ги распоредил по градовите. Така во 1948 година во рацете на Мао це Тунг се нашла огромна територија од два и половина милиони квадратни километри и околу двестотини милиони жители. На страна на Чанг Кај Шек се бореле 18.000 војници на САД кои заедно со војската на Куомитангот, од два милиони имале задача да ја уништат армијата на комунистите. Во периодот од 1946-1947 година Чанг Кај Шек презел неколку офанзиви. Во почетокот имал успех, бидејќи Мао Це Тунг избегнувал фронтални судири. Тој се определил на борба преку саботажи и диверзии, спречувајќи ги конвоите да пристигнат на територијата контролирана од Куомитангот. Во исто време ги придобил масите преку ветувањата дека ќе го реши аграрното прашање. Во почетокот на 1947 силите на Куомитангот освоиле 165 поголеми и помали градови, додека во текот на борбите во 1948 имал големи загуби во војска, кога

бил заземен Мугдеи во Манџурија. По тоа војската на Мао се упатила кон областа Сечуаи каде се наоѓал штабот на Куомитангот. Од борба биле исфрлени 55 дивизии на Шек, но САД постојано испраќале помош за неговата армија. Наоѓајќи се во тешка ситуација на воен план Чанг Кај Шек повел игра за почеток на преговори и нудел мирољубиво решение на проблемот. На 12.01.1949 година поднесол оставка на владата во корист на Ли Цунг Јен. Поради овие измени, Мао Це Тунг инсистирал револуцијата да ја изведе до крај. Почнале преговори на 1 април кои завршиле со потполн неуспех на 22 април 1949 година. Чанг Кај Шек повторно се вратил на власт и објавил нови воени планови. На Пленумот на ЦК на КП на Кина била донесена одлука за создавање на Народна Република Кина. Армијата на Мао на 03.02.1949 година влегла во Пекинг. Голем дел од градот бил уништен, а борбите траеле се до 1 октомври, кога Мао Це Тунг влегол свечено во Пекинг и пред насобраниот народ на плоштадот Tuen an men (Врата на небесниот мир) изјавил дека централната власт на Народна Република Кина е единствено законска влада која има право да го претставува кинескиот народ. Чанг Кај Шек бил победен и морал да ја напушти Кина и отишол во Тајван (Формоза) каде бил заштитуван од САД. Набргу потоа новата влада на НР Кина била прогласена од повеќе држави.

Деновиве се навршија 50 години од кинеската револуција и создавањето на Народна Република Кина која беше прославена со величествена парада на кинеската армија (учествуваа околу 500.000 војници).

Сашко Стојчевски

СТАНДАРДНИ ПРАВИЛА И ИЗЕДНАЧУВАЊЕ НА МОЖНОСТИТЕ ЗА ХЕНДИКЕПИРАНИТЕ ЛИЦА

Хендикепираните лица има низ целиот свет и на сите општествени нивоа, во секое општество. Бројот на хедикепираните во светот е големи е во пораст. И причините и последиците од хендикепираноста варираат во светот. Варијациите се резултат на социјално - економските услови и на различни прописи кои Владите на одделни земји ги прават за добросостојбата на нивните граѓани. Незнаењето, небрижноста, празноверието и стравот се социјални фактори кои низ историјата на хендикепираните ги изолирале лицата со мани и го забавиле нивниот развој.

Со текот на годините, грижата на хендикепираните се развила, од елементарна грижа во одредени институции, преку образование на хендикепираните деца, па сé до рехабилитација на лица кои станале хендикепирани веќе како возрасни луѓе. Преку образованието и рехабилитацијата, хендикепираните лица станале поактивни и станале движечка сила во понатамошниот развој на грижата на хендикепираните.

Правата на хендикепираните лица беа предмет на големо влијание во Обединетите Нации и други Меѓународни Институции, еден подолг временски период. Најголем резултат во Меѓународната година на хендикепираните лица, 1981 година беше Светскиот Програм на активностите на хендикепираните лица, прифатен од Генералното Собрание со резолуцијата 37/52 од 3-ти декември 1982 година. Тие ги истакнаа правата на хендикепираните лица да имаат исти можности како и другите граѓани, како и да имаат исто учество во подобрување на животните услови како резултат на економскиот и социјалниот развој. Исто така, за прв пат, хендикепот е дефиниран како функција на односот помеѓу хендикепираните лица и нивната околина.

Глобалниот Состанок на Експерти за Ревизија на Примената на Светскиот Програм на Активности за Хендикепираните лица на Обединетите Нации, беше одржана во Стокхолм, во 1987 година. На овој состанок беше предложено да се оформи една работна филозофија преку која би се одредиле приоритетните активности во наредните години. Основа на таа филозофија треба да претставува признавањето на правата на хендикепираните лица.

Како последица на тоа, на Состанокот беше препорачано Генералното Собрание да свика посебна





конференција за создавање на една меѓународна конвенција за отстранување на сите форми на дискриминација на хендикепираните, за да таа биде ратификувана од Државите до крајот на декадата.

На триесет и втората седница на Комисијата за Социјален Развој, иницијативата за создавање на стандардни правила доби поддршка од голем број претставници и дискусиите доведоа до прифаќање на резолуцијата 32/2 на 20 февруари 1991 година, со која Комисијата одлучи да формира ад - хок отворена работна група во согласност со Резолуцијата на Советот на Економски и Социјални прашања 1990/26.

Стандардните Правила за подеднакви можности за сите хендикепирани лица се оформени врз база на искуствата здобиени во текот на Декадата на Обединетите Нации за хендикепирани (1983-1992), Меѓународната Повелба за Човекови Права, која содржи Универзална Декларација за Човековите Права, Меѓународната Спогодба за Економски, Социјални и Културни Права, Меѓународната Спогодба за Правата на детето, Меѓународниот Договор за Елиминирање на сите Дискриминации против Жената како и Светскиот Програм на Активности за Хендикепираните лица, ја претставуваат политичката и моралната основа на Правилата.

Иако Правилата не се задолжителни, тие можат да станат вообичаени меѓународни правила доколку се применуваат од поголемиот број држави, со цел да се почитуваат правилата на меѓународниот закон. Тие бараат високо морално и политичко обврзување од страна на Државите дека ќе преземаат активности за изедначување на можностите за сите хендикепирани лица.

Целта на Правилата е да осигура да хендикепираните девојчиња, момчиња, жени и мажи, како членови на нивните здружнија, можат да ги остваруваат истите права и обврски како и останатите луѓе. Во сите светски и општествени поредоци сé уште постојат пречки кои ги оневозможуваат хендикепираните да ги остварат своите полни права и слободи и им го отежнуваат потполното учество во општествените активности.

Поимот "изедначување на можностите" значи процес, преку кој различните општествени системи и околина, како што се услуги, активности, информации и документација; се достапни до сите, а посебно до хендикепираните лица.

Хендикепираните лица се дел од општеството и имаат право да останат во нивните заедници.

Предуслови за еднакво учество:

1. Подигнување на свеста

2. Медицинска заштита

3. Рехабилитација

4. Правни служби

5. Достапност

6. Образование

7. Вработување

8. Приходи и социјално осигурување

9. Фамилијарен живот и личен интегритет

10. Култура

11. Спорт и рекреација

12. Религија

Елена Банова

СО МАЛКУ УЧЕЊЕ ПОСТИГНИ МНОГУ

Многу луѓе се во потрага по рецептот: како да учиш малку а да знаеш многу. Како учењето да е ефикасно и кои стратегии на учење да ги примениш, и како да го планираш времето и за останатите активности? Овие совети ќе ти помогнат за да го постигнеш претходно кажаното:

1. Додека наставникот го изложува новото градиво внимателно слушај го. Нешто ќе запомниш. При повторување на материјалот на крајот од часот можеш да се јавиш и да добиеш добра оценка. А уште подобро е да смислиш некое прашање при што ќе го израдуваш наставникот. Значи со самото внимавање на часот половина од работата си ја завршил.

2. Еден од твоите највпечатливи постери на ѕидот секако е распоредот на часовите и останатите активности. Секогаш мораш да учиш седејќи на стол, бидејќи учењето во кревет завршува со спиење.

3. Кога се подготвуваш за учење, отстрани ги непотребните предмети, исклучи го радиото и телевизорот, и земи ги книгите.

Потоа две три минути опушти се, по можност почуствувај ја тежината на своето тело. Седењето треба да биде удобно, со што ќе се намали напнатоста, па подобро ќе можеш да размислуваш, да сфаќаш и да помниш.

4. Ќе седнеш ли секој ден на работниот стол, ќе ги пролисташ белешките и книгите, ќе се потсетиш на сé што во училиштето се учело, на тој начин ќе стекнеш навика за секојдневно учење. А навиката помага да го насочиш вниманието на она што сакаш и колку сакаш, а сето тоа со малку напор.

5. Најлесно и најдобро се помни она градиво кое е разбирливо. Доколку нешто ти е нејасно прашај ги родителите или пријателите.

Во градивото што го учиш секогаш треба да воочиш некое правило или логичка врска и да го поврзеш со она што веќе го знаеш.

6. Не помни сé од збор до збор, туку она што е важно, што подоцна се дополнува со нови содржини.

Можеби во сето тоа ќе ти треба помош од родителите, но побарај ја. При учењето важно е да се напише на лист сé што е важно тоа да се научи.

7. Додека учиш, поставувај си прашања и одговарај на нив.



Доколку ги почитуваш овие седум совети со учењето нема да имаш проблеми.

Мануела Накова

ФЕНГ ШУИ
FENG SHUI

Фенг Шуи школата потекнува од старата таоистичка традиција. Фенг Шуи опфаќа еден цел спектар од техники во кои се вклучени кинеската астрологија, компасметодот, метод на форма и биоенергетска и радиостезијска техника.

Фенг Шуи користи два кинески астролошки системи. Тие се викаат "Ва Ču" (Ба Чу) или "Осум збирови" исто така познати и како "четири слолбови" и "Jo Hsing" или "Девет ѕвезди" исто така наречен "Проучување на Чи" или "Метод на Северница".

Ва Ču е префинета техника која бара способност на читање и работа по кинескиот лунарен календар и тоа со многу кинески ознаки.

" Jo Hsing" или Системот - Девет Ѕвезди е најстар познат систем на хороскоп. Тој потекнува од Fu Hsi првиот кинески крал, во четвртиот милениум пред нашата ера. Методот на компас е поедноставен и лесно овозможува адекватно да се подреди животниот простор со што се овозможува подобрена здравствена состојба, просперитет и добри чувства.

Автентичниот систем на бои Feng Shui содржи 3 дела:



1. Вашите лични бои кои произлегуваат од вашиот кинески хороскоп

2. Употреба на бои за хармонизација на вас и вашиот простор

3. Употреба на бои за урамнотежување на Е во самиот простор без разлика на тоа кој живее во него.

Експертите во Feng Shui наречени луѓе змаеви, или Lung-Jen кај Кинезите го согледуваат опкружувањето како еден израз на "Чи".

Чи или како што понекогаш се опишува како космички здив, витален принцип, сила на промена и трансформација има 3 фази: Шенг, Си и Ша.

Шенг значи движење нагоре или сјај, Си значи умирање или бледило, Ша ја претставува штетната енергија.

Кружниот ток на Чи има 2 фази позитивна и негативна Јин и Јанг. Кинезите велат дека небото е Јанг, а земјата Јин. Јин и Јанг како аспекти на Чи се однесуваат на вашиот физички изглед, вашето занимање и вашиот дом.

Од денот кога сте родени вашиот физички изглед му припаѓа на Јин или на Јанг типот. За да одредите на кој тип припаѓате погледнете го своето лице во огледало раководејќи се спрема следнава табела:

ЈАНГ	ЈИН
однадвор	одвнатре
високо	ниско
светло	темно
топло	ладно
оган	вода
ден	ноќ
пролет-лето	есен-зима
планина	долина
улично ќоше	седиште од блок
време	простор

Најверојатно најдовте карактеристики и на едниот и на другиот



тип во одразот од огледалото. Ако не сте сигурни кој доминира погледнете се во очите. Ако се блиску или длабоко засадени му припаѓате на Јанг типот, ако се раздвоени и исфрлени му припаѓате на Јин типот.

Ако сте по конституција Јин тип вие природно се изразувате повеќе со мисли. Ако сте по конституција Јанг се изразувате со акција. Јин професијата вклучува истражувања, стипендии, подучувања, пишување и сите други активности кои бараат ментално напрегање. Јанг професиите опфаќаат бизнис, трговија, патување, спортови, уметности, инжинерство, механика, воени сервиси, полиција и сите внатрешни и надворешни активности кои бараат поголеми физички напори. Мора да земете во предвид 2 работи кога барате прикладно опкружување прво е она што му одговара на вашиот физички изглед и второ она што му одговара на вашиот тип на интересирање.

Да сумираме:

1. Ако е вашиот физички изглед Јанг, вашиот простор треба да биде нагласено Јин, со посебни Јанг области.

2. Ако е вашиот физички изглед Јанг, а професијата Јин, вашиот простор во поголем дел би требало да биде Јин.

3. Ако е вашиот физички изглед Јин и професијата Јин, вашиот простор би требало да биде поголем дел Јанг, со посебни Јин области.

4. Ако е вашиот физички изглед Јин, а професијата Јанг, вашиот простор во поголемиот дел мора да биде Јанг.

Јанг опкружувањето има топли, активни бои и осветление.

Јин опкружувањето има ладни и мирни бои и осветление.

Јанг опкружувањето е многу стимулативно и може да биде на некој висок спрат, или на аголот од улицата. Јин опкружувањето е мирно, тоа може да е ниско или пак во средина на станбен блок.

Горниве информации би требало да послужат како основно упатство за средување на вашиот дом.

Билјана Паланова



ДЕНОВИ НА МЕЃУНАРОДНО ОБРАЗОВАНИЕ 99

8-11 Ноември 1999 година, Скопје и Битола



Проектот "Денови на меѓународното образование" е годишната активност на "Образовниот информативен центар" - Скопје и Битола. Оваа година ќе се одржува во Скопје од 8 - 10 ноември во Филозофскиот факултет, а во Битола на 11 ноември во МУБ "Св. Климент Охридски".

Проектот се огранизира во соработка со Министерството за образование, Министерството за наука, Ректоратите при Универзитетите во Скопје и Битола, повеќе студентски организации, како и во соработка со амбасадите, конзуларните претставништва, културно - информативните центри во земјата и странски институции кои се занимаваат со меѓународно образование. Проектот е наменет за средношколци, студенти, универзитетски професори и асистенти, како и за млади истражувачи и научници од Македонија.

Целта е преку презентациите на актуелни теми да се даде преглед за состојбите и движењата во меѓународното образование на преминот во новиот милениум, но и во состојбата на македонското образование и неговото приближување кон европскиот и светскиот концепт.

Оваа години опфатени се следните теми:

- процедурите за запишување на образовните институции во одредена земја,

- условите и начинот за добивање на финансиска помош од амбасадите учеснички и воопшто од односната земја,

- потребните јазични тестови и приемни испити,

- образованието за возрасни во Македонија,

- соработката со странски институции и идни проекти на образовните институции од Македонија

- настава на европски/живи јазици во Македонија.

За дополнителни информации посетителите ќе можат да се обратат кај претставниците на амбасадите и останатите презентери на нивните Штандови, каде што ќе им бидат достапни различни печатени материјали.

М. Петрушева

Повторно сама
во овој голем град
Без ниеден познат човек,
сама како во пустина
Но таму можеби
ќе сретнам некого
А овде, овде,
не можам да го употребам
ни зборот "можеби"
Се вртам ту лево, ту десно
и сé ми е непознато
како првпат да сум
На ова пусто место,
како да се наоѓам
на, друга планета
Туѓо тло
туѓ воздух
а јас останувам
повторно сама

Мануела Накова

РОЗИТЕ НА ЉУБОВТА

Далечна си ми,
далечна, љубов далечна...
Копнеж што непреболува си ми,
Грутка во градите
што здивот ми го запира.
Да, секоја искра
во моите очи си ми.
Секоја воздишка што ме тера
да мислам на тебе.
Во секоја моја мисла си
што ме тера да збеснам
и да мислам дека сум беспомошна.
Но розите се како љубовта,
колку повеќе ги полеваш
толку се поубави.
Чувај се мојо роза далечна...
Дојди љубов моја,
во моето срце има доволно место
само за тебе
и за нашите рози.

Анакиева Билјана

ЗАРЕМ ПОВТОРНО ТИ

Талкајќи некаде по незаборавот
на сеќавањата,
те наоѓам повторно тебе,
и засекогаш само тебе.
Не сум способна за ништо,
ни да те отфрлам,
ни да те заборавам.
Проколната од векот сум
да талкам по љубов
а доволно љубев.
Зошто повторно те наоѓам?
Зарем не е сé доста.
Доволна ни беше љубовта отровна
да се простиме,
да се збогуваме.
Но некаде во потсвеста
повторно те сакам
и повторно те наоѓам
насекаде околу мене
Твоите зборови се толку живи
што како да те слушам.
Те чувствувам тука
како да те допирам.
Но мислата за час ми скренува
а јас те губам...
а ти исчезнуваш за навек.

Анакиева Билјана

(ЗОШТО НАШИТЕ МИСЛИ НЕ Ѕ ПОМАГААТ?)

Гласот
Незнам ништо, за нештата,
за животов мисли немам,
па, и да имам
исто ќе е сѐ.
Зар е смислено сето ова?
- се прашувам
дали рацете некој ги вмешал прво тука
или таму некаде каде што незнаеме?
Ѕвонци, клопотарци
нѐ будат, нѐ расонуваат
кој сум јас,
навика или пак нешто страшно
дух или пак трула варосна соба?
Слика неколкупати што се превртува
претстава за сонливиот дух?
И пак без разбирање,
повторно нова страна,
целосно исполнета
а сепак прозирна и бела
Доволна ли е нашата храброст
доволно ли е таа тука, во нас присутна?
Како мала искричка која еднаш се пали
и тлее, тлее
се дотогаш кога повторно ќе згасне
И, повторно почеток на раѓањето,
и нова искра да се запали
чекање
и ново доаѓање на храброста
чекање
и повторно крај замешан со почетокот на раѓањето.
И сонцето поново изгрева,
и повторно заоѓа,
и реката различно тече,
и повторно исти камчиња превртува
и сѐ се затвора и поново се отвара
чекање!







МАСКА

Магла и сивило
пластична маска обесена безвредно да стои
нашминкано лице.
безвредно, но сепак во свој скај
Ги подавам рацете, но безнадежно.
Само густ темен облак.
Сѐ е потчинето од маските
од нивните прекрасни но и смешни фази.
Зачекорувам, но повторно потонувам
Под моите нозе одеднаш се наоѓа маска.
Се чудам:"Зар е можно таа да е под моите нозе?"
Зар е можно таа да се моли
Зад ѕидот сенка се појавува,
благо скршнува и исчезнува,
се чувствуваат тивките но груби чекори.
Во овој миг на видело излегува сето она
што досега било скриено под името на маските.
Одеднаш сега блескава светлина замре.
Замре и повторно не се поврати,
но, сепак остана искра во душата на другите.
Одеднаш се појави облакот
носејќи ги со себе сите "вредности"
земени од темнината.
Во моментот здравата страна на тркалото се наоѓа највисоко,
но, секој момент се очекува обратното
(всушност тоа е и проклетството што ни е припишано!)

Каролина Трѝчевска

Тајната на СИРИУС Б

Во јужниот дел на Мали, една од најсиромашните земји на западна Африка, племето Догони го живее својот скромен земјоделски живот блиску до големиот завој на реката Нигер, таму каде што таа наместо да продолжи кон североисток свртува за цели деведесет степени кон југоисток, кон својата делта во Гвинејскиот залив. Најблиските градови на Догоните им се Тимбукту на север и Уагадугу на југ.

Догоните се многу слични на сите останати афрички народи кои живеат со традиционален, племенски начин на живот. Она по што овој народ се разликува од останатите е знаењето кое умееле да го сочуваат само за себе низ вековите.

Во средиштето на нивното учење е она што би го нарекле мит за една ѕвезда, во секоја друга космологија ваквото знаење би го сметале за знаење со митолошка природа. Меѓутоа, Догоните располагаат со детални информации за ѕвездата која е сосема невидлива со голо око а воопшто не може да се замисли едно примитивно племе како Дагоните да имале пристап до телескопи и библиотеки. Уште поинтересно е дека овој народ знаел за оваа ѕвезда многу пред научниците на "цивилизираниот" свет кои ја откриле дури во минатиот век.

Догоните оваа ѕвезда ја нарекуваат "По Толо". "Толо" значи ѕвезда а "по" е најситното семе за кое знаат Догоните. На овој начин тие ја опишуваат една од главните карактеристики на оваа ѕвезда - нејзината ситност. Догоните сметаат дека таа е "најмалата работа што постои". Догоните исто така велат, што уште повеќе зачудува, дека таа е "најтешка" ѕвезда:"и кога би се здружиле сите земски суштества, не би можеле да ја подигнат". Покрај ова тие сосема сигурно знаат дека "По Толо" е бела ѕвезда.

Западните астрономи ѕвездата По Толо ја нарекуваат Сириус Б. За разлика од неа, Сириус А ("Дог Стар") е блескава ѕвезда, лесно видлива со голо око спаѓа меѓу најблескавите ѕвезди на небото. Сириус А е двапати поголем од нашето Сонце, а неговата светлина е дваесет пати посилна.

Да создале Догоните во минатото мит за Сириус А, не би било воопшто чудно, едноставно не би постоела мистерија. Меѓутоа тие упорно тврдат дека нивната ѕвезда не е Сириус А, туку нејзиниот невидлив придружник.

Западните астрономи првпат се посомневаа дека овој невидлив придружник постои во 1844 година, кога забележале извесни неправилности во движењето на Сириус А. Се посомневале дека го привлекува гравитационата сила на некое блиско, невидливо небеско тело во нејзина непосредна близина. После детално телескопско истражување во 1862 година утврдено е постоењето на оваа придружна ѕвезда.

Посматрањата на научниците покажаа дека Сириус Б е бело џуџе. Со други зборови, тој е се она што тврдат Догоните: многу мала, многу тешка и бела ѕвезда. Астрономите потврдиле дека има елиптична орбита, со Сириус А на една точка од елипсата, и еден круг околу нејзината орбита трае 50 години (поточно 50,04 години, а бројката со која располагаат Догоните е неверојатно прецизна).

Навистина е неверојатно еден примитивен и нецивилизиран народ како што се Догоните да може да има претстава на ѕвездите кои ја следат орбитата околу друга ѕвезда, но и покрај тоа тие ја претставуваат орбитата како јајчеста форма, со Сириус А како мал крст кој се наоѓа надвор од центарот на елипсата.

Зошто Догоните се толку опседнати со оваа, наизглед безна-



чајна ѕвезда? Во секој случај не од научни побуди, иако според нив тоа била првата ѕвезда која ја создал нивниот бог Ама. Догоните сметаат дека Сириус Б е стожер околу кој се врти целиот космос: оваа ѕвезда ја создава целата материја која ја сочинува вселената, и сите души на живите суштества, и тоа преку компликувана испреплетена спирала која тие ја симболизираат преку плетењето на своите корпи.

Сите души, без оглед на нивното конечно одредиште најпрво патуваат од По Толо на Emme Ya, третата ѕвезда во Сириусовиот ѕвезден систем. За разлика од По Толо, Emme Ya сеуште не е откриена од западните астрономи. Дали оваа ѕвезда воопшто постои? Можеби никогаш нема да дознаеме, меѓутоа доколку астрономите со помош на научни методи сепак ја откријат, тоа ќе биде уште еден фасцинантен доказ кој ни го открива тајното знаење на Догоните. Во секој случај фактот што Догоните знаеле за Сириус Б многу пред да биде откриен од западните астрономи, претставува најголема мистерија. Едноставно е нејасно како можеле да знаат сé за една невидлива ѕвезда, па дури и фактот дека нејзиниот орбитален период изнесува педесет години. На ова прашање Догоните одговараат дека знаењето им го пренеле таинствени Номоси, водоземни суштества кои се испратени на Земјата од Сириусовиот ѕвезден систем, Догоните ги нарекуваат Номосите со различни имиња: Учители од Водата, Контролори и Инструктори.

Изненадува откритието дека Догоните сметаат оти нивната благосостојба зависи од добрата волја на посетителите од вселената. Номосите се спуштиле на неодредена оддалеченост, североисточно од денешната зона во која живеат Догоните. Дали се мисли на Сахара? Или Средниот Исток? Каде и да се спуштил, нивниот вселенски брод се спуштил



со голема бучава. Додека се спуштал, земјата под него пукала и изгледало дека од него "блика крв", што е веројатно опис на ракетните издувни пламени. Во тоа време, на небото била видлива нова ѕвезда, што би можел да биде опис на матичниот брод.

Кога леталото се спуштило, четириножно суштество (животно или машина?) излегло од неа и ја одвлекло во некоја вдлабнатина. Потоа вдлабнатината е наполнета со вода се додека бродот не почнал да плива во неа. Номосите изгледа подобро се снаоѓале во вода, отколку во суво, тие , всушност повеќе личеле на риби отколку на луѓе.

Она што се случило подоцна повеќе личи на религиозна митска приказна отколку на точен историски извештај. "Номосот" според приказната на Догоните "го разделил своето тело помеѓу луѓето за да ги нахрани, па поради тоа уште и се вели дека "вселената го пиела неговото тело", односно Номо им дал на луѓето и да пијат. Тој своите животни принципи им ги дал на луѓето. Номосот бил распнат, се вратил од мртвите и ветил дека повторно ќе ја посети земјата, во поинаква форма. Без оглед на тоа, тој и понатаму ќе владее со светот во својата водоземна форма, од океанот. Постои ли некаква потврда на блиската средба меѓу Догоните и Номосите, водоземните жители на Сириус?

Далеку на северозапад, во Месопотамија, запишана е средба која е многу слична на оваа. Вавилонскиот свештеник Беросо, во третиот век пред н.е. ја напишал историјата на Месопотамија. Оваа историја е непотополна и само неколку фрагменти од неа доживеале да бидат сместени во документите на подоцнежните грчки историчари.

Беросо раскажува како Оанесите, водоземните суштества ја посетиле земјата за да ја понудат својата помош, исто како што според тврдењето на Догоните, направиле Номосите. Според Беросо, Оанесите "имале форма на риба заедно со човечка форма, сложена полудемонска форма, на половина пат помеѓу човек и бог".

Наспроти нивната добронамерност, изгледале исклучително одбојно: "Целото тело на животното личело на риба, а под рибовидната глава имала уште една глава; под рибовидната опашка имала нозе слични на човековите". И гласот и јазикот биле сосема човечки и артикулирани.

Сосема е можно и Догоните и Вавилонците да присуствувале на еден ист настан. Самите Догони тврдат дека не живееле отсекогаш во Мали, туку дека некогаш присуствувале на спуштањето на вонземјаните во една далечна земја на североисток. Ако е така, чудно е што само тие го сочувале во својата митологија секавањето на Сириус Б. Еѓипќаните кои секако контактирале со Вавилонците многу го ценеле Сириус А, што е сосема разбирливо и многу логично, бидејќи со помош на Сириус А тие можеле да ги предвидат поплавите на Нил.

Како Догоните можеле да дојдат до своето посебно и единствено знаење за Сириусовиот ѕвезден систем? Карл Саган, астроном од универзитетот Корнел, цврсто верува во постоење на вонземски животни форми. Со оглед на огромниот број планети кои постојат во вселената, статистичката можност на некои од нив да е присутна интелегентна форма на живот е доста голема. Дали Сириус Б има таква планета, тешко може да се дознае. Саган смета дека е глупаво нивните приказни да ги прифати како доказ.

Сигурно Догоните не можеле самите да го откријат ѕвездениот систем на Сириус, без помош на телескоп. Прашањето, според Карл Саган е од кого Догоните го преземале своето знаење. Дали цивилизацијата која им го пренела била вонземјанска или европска?

Западните астрономи претпоставиле дека постоел Сириус Б во 1844 година, во 1862 го пронашле а дури во 1928 година утврдиле дека се работи за т.н. бело џуџе. Сите информации кои ги имаат западните научници, Догоните ги поседувале уште пред 1928 година, во европските антрополози ги забележале дури во триесетите и четириесетите години на овој век.

Можно е (претпоставува Карл Саган), дека некој астроном европјанин кој го посетил Мали, да им ги пренел на Догоните информациите за Сириус, кои ги дознал од популарната книга на Артур Едингтон (Arthur Eddington "The Nature of the Physicall World). "Природата на физичкиот свет" објавена 1928 година Карл Саган смета дека таинствениот патник, со Едингтоновата книга во џебот им ги раскажал на Догоните приказните кои биле во неа.

Меѓутоа, теоријата на Саган стои на прилично климави нозе, бидејќи двајцата француски антрополози кои први ја објавиле приказната за Догоните и нивното знаење Гриол (Griaule) и Дитерлан (Diterlan), кои први ја обнародиле приказната на Догоните, сите информации не ги добиле веднаш. Им требало десетина години за да ги извлечат од Догоните, зашто оваа приказна им се пренесува само на највисоките догонски свештеници, и секој од нив дознава само по еден дел, и ниеден од нив не ја знае целата верзија. Со оглед на тоа дека Догоните во триесетите години внимателно ги чувале своите тајни од антрополозите, не изгледа веројатно дека за нив можел да дознае незнајникот од приказната на Саган. И јазичниот аспект можел да биде проблем зашто во 1928 година. Догоните користеле два малцински јазика: Санга и Вазуба, па е неверојатно дека некој можел со нив да води разговор за астрономија и митологија.

Изгледа дека Карл Саган погрешил во својата теорија. Неодамна, др. МекКри (McCrea) изнел претпоставка дека догонската идеја за постоењето на невидливиот придружник на Сириус А можела да биде резултат на пустинска фатаморгана. Мек Кри истакнува дека Сириус А еднаш годишно заоѓа во потполно исто време и на исто место со Сонцето. При ваквото заоѓање, под самата ѕвезда може да се види нејзината фатаморгана. Оваа лажна ѕвезда би изгледала потешка од вистинската ѕвезда затоа што се наоѓа под неа, а би била и бледа, па затоа и привидно помала.

Но Догоните никогаш не тврделе дека Сириус Б може да се види само еднаш годишно а тоа е податок кој сигурно не би го пропуштиле во својот извештај. Фатаморганата на Сириус А би требала да биде црвена, каков што е и тој самиот, а Догоните отсекогаш сметале дека се работи за бела ѕвезда. Хипотезата на др. Мек-Кри не објаснува како можеле Догоните толку прецизно да ја опишат елиптичната орбита на Сириус Б и нејзиниот пеесетгодишен орбитален период.

Рационалните објаснувања воопшто не задоволуваат. Како Догоните дознале за ѕвездениот систем на Сириус? Дали навистина дошло до праисториска средба меѓу догонските претци и посетителите од орбитата на планетата околу Сириус Б? Ако е вистина, што била вистинската причина за оваа посета? Ако Номосите допатувале на Земјата од Сириус Б, тие морале да имаат технолошки развиена цивилизација.

Колку и да изгледале одвратно овие луѓе - риби од вселената, тие морале да бидат високо цивилизирани. Дали се вратиле на Сириус разочарани од нсикото технолошко ниво на Догоните? Дали се надевале на средба која би донела поголема обострана корист? Дали им поделиле неколку совети на претците на Догоните и потоа дошле до заклучок дека Земјаните се на многу низок степен од развојот за да бидат вредни за нивната посета? Или сепак, овие Инструктори, еден ден ќе се вратат?

Догонската приказна отвара бројни прашања, на кои засега не може да се одговори. Можеби после некое време ќе може да се понуди некое рационално објаснување на проблемот. Но според погоре изнесените податоци, сé укажува на праисториската блиска средба помеѓу Догоните и Номосите - жителите на Сириус Б.

Миланчо Миленкоски

ФЕНОМЕНОТ НА СПОНТАНО САМОСПАЛУВАЊЕ

Било прилично студено тој декември ски ден 1966 година кога во гратчето Кудеспорт во северна Пенсилванија, Дон Госнел тргнал на очитување на гасометрите на својот регион. Не можел ни да помисли дека тој 5 декември ќе биде сведок на една од најневеројатните појави кои ги забележала историјата на човештвото, а случајот на кој присуствувал станал пример кој го користат сите малку посериозни истражувачи на необични појави.

Околу девет часот изутрина влегол во куќата на доктор Ирвинг Бентли, довикувајќи му го вообичаениот поздрав на 92-годишниот старец кој многу одамна службувал во ова градче и сега мирно ги поминувал пензионерските денови во својот дом. Вообичаено Бентли одговарал на поздравот, но овојпат не се огласил. Госнел се симнал во подрумот да го прочита гасометарот поминувајќи низ прамен од светлосин чад со необичен мирис и открил мало купче пепел во еден агол. Бидејќи бил доброволен пожарникар, Госнел го растурил пепелот со чизмата и утврдил дека нема жар. Меѓутоа, над неговата глава се наоѓала дупка со пречник од околу 80 сантиметри, која очигледно била резултат на изгорување на сувите штици од подот на горната просторија.

Качувајќи се по скалите, Госнел решава да го побара доктор Бентли. Подоцна горко се покајал за својата одлука, затоа што во бањата здогледал "една нога од коленото надолу - слична на оние какви што имаат дрвените манекени. "Понатаму не можел да гледа. Истрчал од куќата како без душа, викајќи: "Докторот Бентли изгорел".

И овде всушност започнува мистеријата. Бидејќи, за да изгори еден труп потребни се огромни количества на топлина и гориво. Џон Гренобл, стручњак за кремирање, вели дека трупот во крематориумот најпрво бива изложен на температура од 1200 степени Целзиусови цели девеесет минути, а потоа на температура од 1000 степени во текот на наредните 60 до 150 минути. Она што подоцна останува не е очекуваниот прав и пепел, туку "парченца коски кои подоцна ќе бидат здробени до прав". Како споредба ќе наведеме дека најжестокиот куќен пожар не достигнал температура повисока од 830 степени.

Горе наведениот случај е илустрација за една од најневеројатните појави - појавата наречена спонтано самоспалување. После овие податоци сигурно ќе сфатите зашто оваа необична појава на самоспалување на луѓето во просторија неоштетена од пламенот (ваков случај опишал и Чарлс Дикенс во својата "Црна куќа") ни до денес сеуште не е објаснета. Овде се зборува за феномен при кој човечкото тело е зафатено од силен пламен без контакт со надворешен извор на оган - во некои случаи целото тело се претвора во пепел а при тоа околните предмети воопшто не биле ни допрени од пламенот.

Пред десетина години со оваа појава се позабавиле и авторите на британската телевизиска емисија "Newsnight", во чие сценарио се нашол и разговорот со Џон Хејмер, бивш криминалистички инспектор кој неколку години порано бил повикан во некоја куќа во јужен Велс поради еден таинствен пожар. Еве што изјавил Хејмер:

"Беше многу студен ден, па уште повеќе ме изненади врелината на таа куќа. Во дневната соба беше како во котел! Погледнав наоколу во просторијата со страшно претчувство, забележувајќи траги од чад на ѕидовите. Сјајот беше необичен, портокаловоцрвен. Кондензираната пареа се слеваше низ прозорците. Ѕидовите едноставно зрачеа со врелина. Прозорот и светилката беа прекриени со некоја портокалова материја. Решетката на отворениот камин беше недопрена. На креветот сеуште лежеа немарно префрлените покривачи. Тепихот главно беше неоштетен. Копчињата на телевизорот се

истопиле, но тој сеуште беше вклучен. На подот се гледаа пар човечки стапала во чорапи. Се држеа за долниот дел од телото. Панталоните, кои беа облечени на тој дел од телото до јасно оцртаната линија на горењето, биле неоштетени. Од нив штрчеше јагленисана коска, а се друго беше претворено во аморфна маса пепел!"

Авторите на оваа емисија утврдиле дека она што го опишал Хејмер и не е толку ретка појава како што обично се мисли. Причина за непознавањето на најголем дел од случаите е тоа што сведоците не се осмелуваат јавно да признаат што им се случило. Постои проблемот на поверливоста, страв од вознемирување на блиските сродници, како и страв од исмејување.

Алманахот "Acta Medica et Philosophica Hafniensia" (од 1973 година) го дава првиот медицински извештај за SHC (Spontaneous Human Combustion - спонтано човечко самоспалување), наведувајќи го случајот на еден несреќен Парижанин, кој по тригодишно пијанчење бил претворен во прав и пепел додека лежел на својата сламарица. Единствено по неговиот череп и коските на прстите можело да се препознае дека аморфната маса порано била човечко суштество: душекот од слама останал главно неоштетен.

На 9 април 1774 година, ќерката на 60-годишната Грејс Пет од Ипсвич, Англија, ја затекнала својата мајка како "клада која ја проголтал оган, без видлив пламен". И оваа жртва била алкохоличар, а запаливите блиски предмети, како облеката и завесите исто така останале неоштетени.

Големиот германски хемичар од XIX век Јустус фон Либих демонстрирал дека сите обиди да се запали месо импрегнирано со алкохол биле залудни: штом алкохолот ќе испари, пламенот се гасел сам од себе.

Американскиот авторитет за судска медицина Ц.Л. Каспес ги отфрлил овие "невозможни" согорувања во својот "Прирачник за судска медицина". "Жално е да се мисли, "вели тој", што во едно сериозно научно дело, оваа 1861 година, сеуште морам да ја разгледувам бајката за спонтаното самоспалување... за чие постоење единствен доказ се изјавите на недоверливи непрофесионалци".

Без оглед на тврдењата на овие научници, бројни лекари кои го истражувале феноменот на SHC, биле со поинакво мислење. На пример, во 1828 година др. Џемс Шофилд известил дека во Канада видел еден човек кој "стоеше исправено сред силен пламен со сребренеста боја, личејќи на фитил на голема запалена свеќа".

Карактеристичен е еден случај од поново време: на 18 мај 1957 година, Ана Мартин од Филаделфија е затекната скоро сосема изгорена во својата соба, а при тоа не е утврден никаков надворешен извор на оган. Температурата мора да достигнала 900 до 1100 степени Целзиусови, проценил медицинскиот вештак, затоа што телото на 68-годишната вдовица изгорело толку темелно што преостанале само нејзините чевли и дел од торзото. Меѓутоа, печката била студена, а лесно запаливиот весник кој лежел на околу половина метар од остатоците, останал неоштетен.

Еден од порепрезентативните случаи на самозапалување е случајот на Мери Хрди Рисер од Сент Петерсбург, на Флорида. Доктор Виктор Крогман, кој детално го проучил случајот, не се сложил со официјалниот извештај дека се работи за "несреќен случај". Анализирајќи ги остатоците на оваа госпоѓа - неколку калцинирани рбетни пршлени, черепот кој се смалил до димензии на топка за безбол е едно потполно неоштетено стапало, доктор Крогман му се спротиставил на официјалниот извештај со следните аргументи:

Прво, степенот на изгорената: отсуството на каков бил хемиски акцелерант е збунувачко за секого. "Само на температура од 1600 степени сум видел коските да се истопат до таа мерка да станат испарливи" изјавил др. Крогман. Меѓутоа, токму

ова се случило со трупот на оваа жртва.

Второ, изолираноста на пламенот: топлината потребна човечкото тело да се доведе во состојба во која е затечена оваа жена би требала да е двапати поголема од највисоката температура која ја создава дури и најсилниот конвенционален пожар' "Во суштина, и станот и сите работи во него требало потполно да изгорат. Зошто ефектот бил толку локализиран?" се прашува Крогман. "Јас тоа просто не го разбирам".

Трето, отсуство на мирис: "Како е можно човечко тело, тешко 75 килограми, да изгори а зад себе да не остави никаков чад или мирис кој би ја зафатил целата зграда"!

Пред да го дадат својот суд за SHC, научниците од средината на минатиот век изнеле цела низа на потребни предуслови кои се потребни за едно тело така да изгори. Според нив, мета на овие ужасни пламени биле постари жени со корпулентна градба и навикнати многу да седат. Овие жени живееле сами и затоа немало никакви сведоци и се наоѓале дома во текот на зимските месеци: се одмарале дома покрај каминот: биле тешки алкохоличари, а голем дел од нив и страсни пушачи. Повнимателните истражувања пак, докажаа дека ниту една од овие тези не може вистински да се одржи.

Во 200 и повеќе случаи на самоспалување во текот на минатите четиристотини години половите биле подеднакво застапени: бројот на жените е незначително поголем. Што се однесува до староста, таа се движи меѓу 4 месеци и 114 години, а апстиненти од алкохол и слаби лица се исто така застапени. Надворешен извор на оган понекогаш бил присутен, што ги наведува скептиците да се сомневаат во SHC, иако тие никогаш не успеале да дадат задоволителен одговор на прашањето зошто телото зафатено од оган, согорува со толку голема жестокост. Покрај нив, бројни личности изгореле исто така темелно и во амбиент каде немало запалени цигари, петролејки и други причини за пламен. Забележани се случаи на луѓе кои изгореле додека шетале по улица возеле звтомобили или чамец, или дури и додека танцувале.

Објаснувањата на овој бизарен феномен се однесува на тела толку натопени со алкохол што станале запаливи, дебели наслаги запаливо сало кое гори како восок од свеќа, додека облеката ја презема улогата на фитил: прекумерната количина на фофор кои организмот не успеал да ги излачи. Најновите објаснувања се базираат на откритијата на современата физика: една од овие теории поаѓа од хипотезата дека постои субатомска честица "пиротрон", која во одредени услови создава оган со внатрешна субатомска верижна реакција.

"Кога ќе видите што сторил оганот со телото, а колку мала штета предизвикал на теписите и дрвениот мебел, тогаш едноставно се чини дека оганот дошол одвнатре" - вели еден од најискусните сопственици на крематориуми во Велика Британија. "Не прашувајте како. Никогаш не сум чул за самоспалување, но тоа сигурно бара опширни објаснувања. Ако такви работи може да се случат... неопходно е потребно објаснување. А тоа, верувајте ми, по она што јас можам да го кажам од моето искуство и по фотографиите на самоспалување кое можев да ги видам, мора да е застрашувачко".

Мислењата очигледно се доволно контрадикторни, па на основа на нив сеуште не може да се донесе некаков заклучок кој би бил вистинско решение на целата енигма. Но тоа не е единствената мистерија која останува нерешена, нели?

Едно е сигурно. Истражувачите на "необјаснивото" и "мистериозното" сигурно ни во овој случај нема да се предадат. Нивните истражувања сосема сигурно ќе продолжат, со што се надеваме дека оваа мистерија ќе го доживее денот кога повеќе нема да биде мистерија.

Миланчо Миленкоски

ПУШЕЊЕТО КАЈ МЛАДИТЕ

До откривањето на новиот свет не се знаеше за тутунот. Заедно со пченката и другите корисни билки во 1520 година следбениците на Колумбо го пренесоа семето на тутунот, кое многу брзо се рашири во Европа, Мала Азија и Далечниот Исток. Во прво време листот на оваа билка беше сфатен како лек, за да подоцна се одгледува во големи количества и да се употребува за пушење, со што се предизвикале отпори и реакции кои ги има и денес. Никотизмот останал вкоренет во човештвото да чека созревање на свеста и науката како фактор кој ќе го оневозможи.

Тутунот содржи најмалку 84 разновидни соединенија кои што се издвоени и хемиски потврдени. Како главен и најважен алкалоид на тутунот се јавува никотинот со 0,3% до 6%. Во тутунот покрај никотинот се наоѓаат и други алкалоиди од кои најпознати се: никотеин, никотоин, никотелин, никотенин и други. Тутунот содржи и најразлични смолести материи, етерски масла, масти, гуми, стерол восок, шеќер и доста соли. Од сите овие досега прочуени соединенија околу 30 се отровни, а 5 канцерогени. Од тутунот се изолира и еден вирус.

Од сите алкалоиди што ги има во тутунот најотровен и најопасен е никотинот. Хемиско издвојување на никотинот е извршено уште во 1828 година при што се открива неговата отровност. Нешто подоцна се пронајдени филтери за цигарите со кои за 10% се намалува отровното дејство на никотинот. Околу половина од никотинот во цигарата согорува во самиот жар и излегува надвор од цигарата ,додека остатокот пушачот го вовлекува во своите бели дробови. Бидејќи пристапот на кислород при согорувањето е недоволен, попатно се создава и соодветна количина на јаглен моноксид што е причина за честите главоболки кај пушачите. Исто така во чадот од цигарите има амонијак кој со својата остра миризба ги надразнува внатрешните органи како и органите за вкус, мирис и вид. Човекот кој дневно пуши 20 цигари во своите бели дробови за година дена внесува околу еден литар тутунски катран т.р. 840 грама. При пушењето на една цигара во устата влегува околу 0,9 мл. гр. никотин, а по издишувањето останува околу о,4 мл. гр. Никотинот влегува преку кожата. најголем процент на никотин во организмот се наоѓа во белите дробови, бубрезите, жлездите т.е. во сите многукрвни органи.

Никотинот името го добил по Жак Нико, амбасадор на Франција во Португалија. Тој го донел семето на тутунот на тогашната кралица Катерина Модичи, а покасно Карл Лине го дал називот никотин во чест на овој дипломат.

Никотинизмот е интернационална, општо човечка појава која покажува се поголема индивидуалност и различна возрасна раширеност, а која се состои од вовлекување на чад од запалена цигара во белите дробови, при што предизвикува хронично труење со никотин и со уште некои хемиски продукти од согорувањето на тутунот.

Е. Б.

ДА СЕ ЗАШТИТИМЕ ОД СИДА

Болеста за прв пат е дијагностицирана во 1981 година во САД. Оттогаш за неа зборуваат и од неа боледуваат милиони луѓе ширум светот.

СИДА е инфективно заболување, предизвикано од хуманиот ретровирус ХИВ (HIV - Human immunodeficiecu Virus). Меѓу леѓето е позната како "чума" на XX-от век.

Се пренесува по сексуален, паренгерален пат и од мајка на дете (новороденче). При сексуалниот начин на пренос во најголема опасност се наоѓаат хомосексуалците, бисексуалците, луѓето кои имаат голем број сексуални партнери. Најризичен е аналниот однос. Затоа лекарите советуваат т.н. безбеден секс со задолжителна употреба на латекс кондоми за една употреба во комбинација со спермагоцидни средства. Однос без кондом смее да се практикува само во долготрајна взаемно моногамна врска меѓу две лица кои се ХИВ негативни и не практикувале небезбеден секс најмалку шест месеци пред негативниот тест.

Кај нас т.н. "сида тест" всушност може по сво или по барање на вашиот матичен лекар да го направите на Клиника за инфективни болести и фебрилни состојби, Гинеколошко - акушерска клиника во Чаир и во Заводот за трансфузиологија. Како потврда на Elisa тестот се прави и Western Blot test.

Во Заводот за трансфузиологија секоја единица крв и крвни деривати се проверува на анти ХИВ антитела, така што при овој перенгерален начин на пренос ризикот е сведен на минимум.

Во голема опасност се наоѓаат луѓето кои употребуваат дрога, вбризгувајќи ја во вена. Најризично е употребувањето на "другарска доза" со заеднички прибор - шприц и игла. Со примена на заеднички прибор и болеста станува заедничка. Затоа е најдобро да не се употребува дрога, а доколку се применува да се користат стерилни шприцеви и игли за една употреба.

Што се однесува до преносот од мајка на дете на ХИВ позитивните жени им се советува да не раѓаат и да не ги дојат своите деца. Се смета дека вирусот се пренесува перинатално (во тек на раѓањето) и преку мајчиното млеко.

Како што се гледа од погоре наведеното сидата не се пренесува во секојдневен контакт на улица, во автобус, на базен, во ресторан. Но затоа треба да се внимава во салоните за козметика, акупунктура, во берберница.

Што се однесува до медицинските установи кај нас мерките на претпазливост (стерилни ракавици) и игли за еднократна употреба, се спроведуваат колку што дозволуваат условите.

Присуството на ХИВ вирусот во човековиот организам сеуште не значи болест. Од инфекцијата со ХИВ вирусот до развој на болеста во просек минуваат десет години. Кога ќе навлезе вирусот во човечкиот организам тој ги напаѓа Т4 (ЦД4) лимфоцитите кон кои има посебен афинитет во нив се размножува и ги уништува а со оглед на нивната улога го уништува и човечкиот имун систем. Затоа и болеста се нарекува Синдром на стекната имунодефициенција од мешан тип.

Кога симптомите ќе се јават тие се најчесто неспецифични и постои комбинација на симптоми. Систематски симптоми се: долготрајно нејасно зголемување на телесната температура, слабеење, треска, ноќно потење. Пациентите често се жалат на болки при голтање, кашлица, анорексија, повраќање, пролив. Симптоми од централниот нервен систем се депресија, конфузија, промени во личноста. На кожата се јавуваат осипи. Често се јавува и генерализирана лимфаденопатија/зголемување на лимфните жлезди. Пациентите се жртви на опуртистички инфекции кои ги напаѓаат само имунокомпромитираните пациенти.

Честа причина за смрт се агресивните малигни тумори, малигните лимформи и Kaposi саркомот.

Лекувањето се состои во антивирусна терапија и симптомска терапија. Важна е профилаксата на опуртунистичките инфекции. Целта е да се продолжи и олесни животот на овие пациенти. За жал, лек кој ќе ја излекува болеста се уште се бара.

Преостанува едукацијата на медицинарите и популацијата како суверено средство во борбата против сидата.

Да се надеваме дека во борбата со сидата ќе победи човештвото.

Д. Ј.

КОСОВО

ОТВАРАЊЕ НА ПАНДОРИНАТА КУТИЈА

Откако Јосип Броз замина од овој свет никој не веруваше дека така лесно и крваво ќе се распадне СФРЈ. Големосрпската политика која беше фабрикувана на САНУ (Српската академија на науките) својата кулминација ја доживеа со доаѓањето на Слободан Милошевиќ на чело на Србија.

Тој стапи на сцена со веќе легендарната изрека на легендарното Косово поле "Дека никој нема право да го бие српскиот народ". А токму тој српски народ и тоа како ја осети на својот грб лошо воденатa политика на своите големо српски моќници. Крахот на оваа политика почна со војната во Хрватска па преку војната во Босна својата кулминација ја доживеа во НАТО бомбардирањата и крвавите настани на Косово.

Српските политичари очигледно не ги беа научиле лекциите од неуспешно водените војни во Хрватска и Босна.

Политиката што ја водеше Милошевиќ сите Срби во една држава пукна како меур од сапуница. На ред дојде Косово. Албанците го искористија моментот одејќи до таму со барањата што од меѓународната заедница бара Косово да биде признаено за независна држава. Меѓународната заедница се обиде завојуваните страни да склучат договор по пат на преговори. Со притисок успеа да ги донесе двете страни на преговарачки стол во дворецот Рамбује во Франција. Преговорите завршија неуспешно бидејќи српската делегација не се согласуваше со повеќето предлози меѓу кои беше и стационирањето на сили од НАТО пактот сметајќи го тоа како директна окупација на СРЈ.

Меѓународната заедница се закани со директна воена интервенција која што очигледно не беше сериозно сфатена од српското раководство. Нападот на НАТО пактот врз СРЈ започна 25 март со образложение дека интервенцијата е неопходна за да се спречат масовните убиства што ги вршат српските воени и паравоени формации во Косово.

НАТО промовираше нова тактика на војување. Целокупниот напад беше извршен со воздушни бомбардирања. Најпрвин беа нападнати легални воени цели но бидејќи не успеја да го скршат отпорот почнаа да бомбардираат стопански и инфраструктурни објекти.

Отпорот на Милошевиќ траеше околу 3 месеци по што мораше да попушти. Апсурдноста на својата политика ја покажа што потоа прифати услови кои што можеби се полоши од оние што му беа понудени во Рамбује.

Денес Косово е под меѓународен протекторат. Иако со резолуцијата 1244 на ОН се вели дека Косово е составен дел на СРЈ сепак српската власт на Косово веќе не е присутна. Нема ниту војска, ниту полиција, ниту правосудство, во оптек не е дури ни југословенскиот динар. Званична валидна валута во Косово е германската марка. Етничката карта е променета. Оние малку Срби што останаа се во одредени територии и се секојдневна цел на одмаздите што ги вршат Албанците. Големонационалните политики доведоа до плаќање на превисоки цени имајќи ги во предвид сите човечки жртви неколкуте најнови балкански војни. Искра надеж за Балканците е ново промовираниот Пакт за стабилност кој може да претставува историска шанса од која зависи нашата социјална, економска и политичка иднина.

И. Ф.

САКАЛ ГО ТРОНОТ ПОВЕЌЕ ОД БЛИЖНИОТ!

Изборот на нов поглавар на МПЦ - посрамно и понедостојно не можеше да биде! Тоа е најреалната констатација за овој "свет" чин.

Во оваа прилика нема да ги коментирам настаните поврзани со изборот и самиот избор. Нема да навлегувам во процедуралните прашања на изборот, нема да ја анализирам световната (партиската!?) инволвираност во овој свет чин, а најмалку ќе судам кој е крив а кој прав во случајов оти ние верниците го почитуваме Христовото начело - *не суди да не ти биде судено*. Таквиот пост - фестум коментар е безначаен по срамно завршениот чин.

Сега ќе зборувам како верник, па од тој аспект интересно ќе е да посочам дискрепанцата помеѓу она на што не учи Светото Писмо и овој срамен чин, попатно земајќи го в предвид фактот дека на овие простори после 50 годишен религиозен молк, последниов демократски период за Македонскиот православен верник е период на сеуште кревки и опитни односи со верата. И во такви религиозни контелации наместо црквата да ги зацврстува тие односи и да ја крепи верата, таа ја колеба и го дестимулира тој однос.

А светото писмо не учи дека Црквата, како заедница на Христови верници, е нашиот пастир, а епископите како директни наследници на апостолите и живи Христови инструменти, се наши учители.

Учењето е прва, основната и најважната работа на свештениците. Тие како духовни оци и слуги Божји, треба да учат, пред се, со својот пример и не од користољубие туку заради Божјата слава. Исто така свештеникот учи, пред се со својот духовен лик, со својот пример, со својот начин на однесување. Нему бог му е секогаш на прво место и над се (а не тронот и функцијата). Се прашувам какви ли ќе бидат учениците кога имаат вакви учители?

А да не зборувам дека понизноста, кроткоста и смиреноумието треба да се особини што свештеникот ќе го красат најповеќе од кој било друг верник. Но во случајот, МПЦ покажа гордост, наместо понизност и кроткост, страсти и безумие наместо смиреноумие.



После овие манифестирани антиподи на вистинските Христијански вредности, од страна на МПЦ, спонтано ми се наметнува проблемот на гревот на Христијанската наука. Имено гревот, според Христијанството, е прекршување на Божјиот закон. Ова најчесто е резултат на горделивоста која ја раѓа егоцентричноста. Гордоста го негира Бога, се става себеси на негово место. Поради гордоста претходно славниот англе Херувим падна. Тој се загордеал на своите успеси, се засакал себеси повеќе од Бога и со тоа се оддалечил од Бога. Себељубието е најголемиот грев зошто тоа е извор на редица гревови - лагата, лицемерието, омразата, лакомоста, навредите. Гордоста е, како што ќе рече премудриот Св. Јован Лествичник "чувар на гревовите".

Со тоа гревот одрекува од Бога и љубовта, (зошто Бог е љубов), следствено и од ближните. Па така, за грешниот, ближниот не е повеќе брат и личност. Божје дело и највредно суштество, туку објект, сопарник и противник. А изборот на поглавар на МПЦ откри многу операции сопарници и непријатели (во најдобар случај - противници). За клеветите, лагите, осудите, оцрнувањата и да не зборуваме... им беа науст како "Оче наш".

И сето тоа од нашите духовни пастири, старешини и слуги Божји, кои, да не заборавиме - делуваат во името на Христа, во чест на божјата слава. По Боже... Слава Ти!

Оваа дискрепанца помеѓу зборот и делото честивиот Св. Јован Дамаскин ќе ја коментира вака:"Или учи со животот, или никако не учи: инаку со зборови ќе повикуваш, а со делата ќе растеруваш".

П.С.

А таман почнавме да се собираме околу верата.

Трајче Стојанов

НА КРСТОПАТ КОН ДАВЕЛИЈАДИТАТА 2000



Под ова мото течеше 24-от интернационален театарски фестивал млад отворен театар, кој траеше од 30.09.-10.10.1999 година.

МОТ со мотото "Театарот на крстопат кон 2000" бравурозно финишираше на 10 октомври со мултимедијалниот хепенинг на кој учествуваа гости од Австрија, Германија, Франција.

На фестивалот вкупно беа предвидени околу 25 проекти (заедно со придружните манифестации) од различни области. Но некои од проектите не беа реализирани од различни причини (главно финансиски). Така недостигот на парични средства беше главната причина што хрватската претстава "Господинот Сингл" беше откажана во последен момент. Исто така изостана и "Македонски фауст" на Младен Србиновски, за која имаше огромен интерес.

Но, судејќи според аплаузот, изгледа жедта на публиката беше особено задоволена по настапот на Словеначкото младинско гледалиште со претставата "Кој се плаши од Тенеси Вилијамс" во режија на Матјан Пограјц.

Исто така посебно интересирање предизвика и премиерата на "Професионалци" во режија на Синиша Ефтимов. Со бурен аплауз публиката ја награди и театарската работилница "Сфумато" од Бугарија која се претстави со "Квартет" во режија на Јавор Грдев.

Исклучително квалитетниот избор на придружната програма само го надополнија општо добриот впечаток на МОТ. За издвојување е изложбата на театарски фотографии од Петер Хопак, како и настапот на Ансамблот "Алеа".

На крајот општиот заклучок би бил - одлично организирана манифестација во сите аспекти (избор на содржини, пропаганден материјал, публика). Иако со преполовен буџет и годинешново 24-то издавање на МОТ - достоинствено.

Со тоа МОТ уште еднаш се покажа како една од најзначајните културни манифестации во земјава, оправдувајќи ја желбата на директорот Љубиша Никодиновски - Биш, МОТ да стане европски културен центар.

И ние искрено се надеваме на тоа.

Трајче Стојанов

ТАА

Пустина од сив пепел, полумрак... Темно зелено свети небото. Мали сивјосани човечиња, коленичат, се влечат и глодаат некои модри и бескрвни, иако сега искасапени меса. Се крвничат меѓу себе, пискаат, викаат, најверојатно се глодаат меѓу себе. Однеѓеж поминува млад човек, атлетска става, два пати повисок од нив кога би се исправиле?!

"Тој е роден исправен" шепотат... крвнички се гледаат. "Златец" вели некој.

Тој само одминува...

Бескрајно пешачи потем низ пустината, години. Нозете му се лепат во врела пепел од под која излетува жар, ама црна. Зад себе силно влече збунето магаре. Пцуе од време на време, малку веќе поднаведнат, измачен до грчна болка, го здогледува океанот. Жолта, жолто - зелена, густа, леплива течност од која излегуваат врели меури.

Пред океанот како под една сосна направена од суво дрво, сосема суво, јаглен - камен, но единствено нешто освен пустина по години одење некои сиви партали и нешто.

Таму седи забраден, неизбричен веќе малку зацрнет, закожавен, напукнат човек, но голем. Изгледа моќно, човечиште.

Сега младиов (Златец) подисправен и малку надмен се обраќа (всушност сака да се обрати).

"Пет илјади и петстотини години од раѓањето на Бог" блада забраденият незаинтересирано и со изгубен поглед.

"Кој Бог?" - задрто Златец

Забраденият: "не знам, така се вели" (сеуште занесен).

Златец: велиш, пет илјади и петсто, а?

Забраденият: така де! (отсечно).

Златец: "зошто само тоа го зборуваш?"

Забраден: "немам друга работа"

Златец: "те викаат часовник..."

Забраден: "е, така де" уште поотсечно

Златец: "велат ти го знаеш почетокот и крајот"

Забраден: (пак замислен) пет илјади и петстотини...

Златец: (го прекинува) Те викаат часовник. (брзо)

Забраден: (продолжува) од раѓањето на Бог.

Златец: те викаат Бог. (збунет од тоа што го кажа, но во истиот миг мал земјотрес, па подолго молчење).

Златец: Имам право да знам...

Забраден: (сеуште замислен): Имаш.. можеби (па отсечно): Знаеш што е ова?

Златец: (веднаш) семе.

Забраден: Од кај знаеш (сега го гледа во очи)

Златец: не знам

Забраден: (претура во хаосот, наоѓа и): Ова знаеш што е?

Златец: (веднаш) стомна.

Забраден: Од кај знаеш, бре магаре?

Златец: Имам.

Забраден: Што имаш бре?

Златец: Имам магаре.

Забраден: (збунет) Имаш магаре, а? (потоа отсечно): Имаш право да знаеш! Земи од семево. (му подава толчен сув црвен пипер).

Златец: (зема на прст, па лизнува) Луто е.

Забраден: Знам. Баш затоа. Сега знаеш.

Златец: Што?

Забраден: Дека е луто.

Златец: А! Знаев. И јас сум лут.

Забраден: Знаев дека знаеш.

Златец: (понежно) И ти си лут.

Забраден: (налутено) А бе земај семево! На! (му го дава семето, а потоа посмирено): Ќе го најдеш црвеното море; Тоа веќе ќе биде бело.

Златец: (задоволно) Било бело.

Забраден: (пак замислено, како да кажува молитва): Пет илјади и петстотини години од раѓањето на Бог.

Златец: (веќе озбилно, со решителен поглед): Имам право да знам.

Забраден: (смирено) Знај де. (по неколку секунди): Атлантида.

Златец: А Бог?

Забраден: И Бог и ѓаволот. Сé. Потоп.

Златец: А таа?

Забраден: (досега зборуваше како во сон а сега како сепнат, помал-

ку нервозно): Е па, слушај бе дете!

Златец: (му светнува во очите): Семето.

Забраден: Да

Златец: (забрзано) ќе го фрлам и ќе цветаат јаболка, а таа? (сега збунето).

Забраден: Земи ја стомнава.

Златец: Ќе наполнам од белото море и ќе излеам каде ми гледаат очиве.

Забраден: Каде ти гледаат очите ќе расте босилок, а ти ќе го раниш со беломорска вода.

Златец: Мислиш, ќе ја ранам (задоволно).

Забраден: Ќе ја милуваш (замислено).

Златец: Ќе роди ли?

Забраден: (пак како во транс) Пет илјади и петстотини години од раѓањето на Бог... (па се сепнува и како да заклучил сега): Таа секогаш раѓа Златец: Таа го роди?

Забраден: (намрштен) Молчи! (па го загледува татковски) Таа тебе те роди.

Златец: И тебе?

Забраден: Молчи! (му капат солзи и за момент во транс) Пет илјади... (се сепнува) Слушај...

Од семето дур´вода тураш јаболки ќе никнат.

Златец: (сигурен) А луто семево?

Забраден: (замислен) Секогаш лутело нашево семе.

Златец: (по кусо молчење, како разбуден) Од каде ќе знам до каде е мое?

Забраден: Само кај неа јаболката не гнијат.

Златец: А ќе ми биде ли верна?

Забраден: (повеќе како за себе) Глупак Таа е верна на сите нас.



(па на Златец). Ти да си и верен.

Златец: А ти?

Забраден: Остај се. (прави гримаса, одмавнува со рака)

Златец: Колку живееш?

Забраден: Како што гледаш доволно.

Златец: Ќе умреш?

Забраден: Одамна умрев.

Златец: А таа?

Забраден: Не зборувај глупости (па во транс): Пет илјади...

Златец: (го прекинува) А јас?

Забраден: (смирено) Само ти љуби.

Златец (возбуден и возкликнат). Значи постои таа! Со јаболка златни и бисерни, и жито и босилек и со реки со сребрени брзаци, со бели чаршафи на планини што го боцкаат небото...

Забраден: (го прекинува, резигнирано). Постои пустина дете, (воздишка) пустина. Жолто - сива пепел и лепливо зелен океан.

Златец (малку разочаран, наивно детски). Небото е зелено, не океанот.

Забраден: (замислено): Небото е сино, дете, ако љубиш.

Златец: Кај ќе ја барам?

Забраден: (како да му се потсмева, но задоволен па како за себе): Очите ти се сини, косите златни... Кај ќе ја барал. Малку замолчува па: Во очите свои. (сега му се обраќа по широко насмеано и со надеж во очите): Ајде, те чека белото море.

Златец: А неа?

Забраден: (го гледа право в очи). Таа веќе се капе во него.

Златец: Во морето.

Забраден: Во твоите очи.

Забраден пропаѓа во сините очи, се пропаѓа во нив, а тие со бескрајна светлина за момент го преливаат небото и земјата. Бескрајно бело.

Љубен Тевдовски

ЗА ЧОВЕКОТ КОЈ ГО ТЕРА ВАШЕТО СРЦЕ ДА ПЕЕ

M-ZIG - ROYAL ASTRONOMY (VIRGIN)

Насмевка на вашите лица. Се прашувате зошто? Од далечно ѕвездено јато долета M-zig (Mike Paradinas) со прекрасните звуци на Royal Astronomy. Несомнено сам со својата идеја ослободен од влијанието на Aphex Twin (неговиот пријате). Албумот е адресиран на луѓето кои се надарени за смеа или пак на осамените патници во своите души.

Доколку не сте припадници на една од претходно наведените групации, тогаш кажете и збогум на големата привилегија да бидете почесни гости во кралското друштво или пак да бидете допрени барем за миг од космичката убавина.

До каде можете да отпатувате? Дали вашата моќ за виртуелен сон е на ниво на дете или закржлавен пензионер. Дали вашата авантуристичка (?) душа може да се проектира во некоја спирална или пак елипсовидна галаксија? Со колкава брзина лета вашата смисла во просторот?

Одговорите на овие прашања ќе ги добиете откако ќе го голтнете R. Astronomy кој ви нуди повеќе одошто вашиот Ratio може да досегне.

Спремни за патување? Каде, како и со што, сé зависи од нивото на развиеност на вашата фантазија, вашите сетила и вашето срце. Како средство за превоз (ова е мој предлог) може да ви користи одредена вселенска машина со неограничена можност за движење по различни орбити во одредени временски периоди (минато-сегашност-иднина). генералната проба треба да биде во вашиот внатрешен планетариум (свет) или уште подобро на отворен простор каде ќе бидете во непосреден контакт со небесниот свод, но никако во вашата соба (исклучок може да се направи доколку во собата на таванот имате флуоресцентни ѕвездички & UV).

Седнувате и се проектирате, далеку од сивилото кое владее со вашата реалност. Трансфер на мозочните клетки. Се ослободувате од телесноста и ги вкусувате сочните звуци продуцирани од некој сателит или можеби од чудни суштества со повисоко ниво на развиена свест од вашата. Се трансформирате во најразлични облици.

Пр.:Се претворате во бумбар и брмчите над главата на човек кој се обидува да заспие (the motorbike track) или пак сте жица од виолина која учествува во градењето на хармонијата (scaling).

Можете да бидете и цвет (или некоја друга билка) подарен (а) во рацете на љубената личност (scrape) или можеби комета која се распрснува на ситни парчиња рушејќи при тоа некој Њујоршки облакодер (burst your arm).

Значи можноста за метаморфози е неограничена. Доколку сакате да си ја збогатите вашата фантазија конзумирајте паралелно и дополнителна литература.

Пр.: Сандински, Х. Миро, Кле & SF романчиња. Бидејќи уметноста ја уништува реалноста и создава своја реалност. На оние кои имаат бујна фантазија албумот ќе им биде како парче чоколадо во нивниот празен желудник т.е. како храна за нивниот дух на ниво на планетарниот систем. Да не заборавам да ги наведам и последиците од слушањето на овој албум:

Доколку го чувте албумот со вашето срце, тогаш верувам дека остави траги на вашите лица, нечујна насмевка во вашите срца, средба со детето од вашите сништа.

Ако пак го чувте со помош на вашиот ум, тогаш вашите мозочни клетки ќе бидат малаксани од патот, но не и презаситени од бројните халуцинации. Тие сакаат уште... more adventures... А и јас сакам од ден во ден да се нижат звуци трансформирани во облик на прекрасни слики. Гласот на Kazumi да ме буди секое утро и да оддекнува во мојата глава низ целиот ден, за да ја оддржуваат константно мојата хиперактивност.

Нека Kazumi ми раскажува за стравот од исчезнувањето на ѕвездите (The Fear) т.е. за слепилото кое го прогонува човекот во подоцнежните години од неговото егзистирање (бидејќи со стареење расте и паранојата од напуштањето на овој свет).

Јас не се плашам од синдромот Royal Astronomy, не се плашам од бледнеење како што и M-zig не го следи паранојa од фаќањето пајажина (стареење) на неговите софистицирани звуци.

А, кога Kazumi ќе ви ја испее Goodbye, goodbye несомнено ќе ве стави во една голема дилема... Дали да му кажете збогум на патувањето или едноставно да стиснете repeat и да продолжите со вкуцување на космичката убавина?

Не му ја мислете многу и патем речено

Have a nice trip!!!

Елена Јошевска

ЃАВОЛОТ ВО СИНО РАСПОЛОЖЕНИЕ



На почетокот т.е. во 94-та година во едно толку неприкосновено, за нас убаво време, барем од перспектива на музиката, кога сé беше убаво, кога сите ја ценеа музиката и ја правеа квалитетно, излезе меѓу сите тие прекрасни албуми и еден кој ја затресе не само критиката туку и целата сцена па и целата музика. Тоа беше албумит Maxin Quaye кој го направи бристолскиот проповедник на пеколот Tricky. Овој албум направи пресврт во целата бристолска сцена заедно со Dummy на Portis Head и Blue Lines и Propection на Massive Attack, се одликуваше со инвентивност, конзистентност, успореност и мрак. Најрепрезентативен албум на целата таа бриселска сцена која се карактеризира со сите тие атрибути кои ги поседуваше и овој албум: успореност, влечење, мрачност, егзистенцијализам и сето тоа одведено со тетра хидро канабинал Trip hop секако па дури и концептуално разминатата жестока Black Steal која е преработка од Public Enemy го отвори и истурка албумот во Mainstream тековите како прв сингл воедно. Потоа и апстрактната overcome го вовлекува во уште подлабоки амбиентални подземја на Бристол. Сето тоа поддржано со прилично апстрактен спот кој кореспондира со песната во тој поглед. Hellisround the corner е конфликт со Portishead.

Потоа сагата на мракот и егзистенцијализмот продолжува со следниот албум на Tricqy Premilenium тензион во 96-тата. Окарактеризиран е како еквивалент на модерниот блуз. Несомнено тоа најексплицитно ќе покажува во Cristian sands, Martina неговата пејачка која најсовршено го правеше она за што беше задолжена. Атмосферата се згуснува притисокот се зголемува. They used to call me Trisqy на I live they life they wish they did I live the life do downtown car, Now they call me super star. Многу јасно се искажува Tricky за себеси и за состојбата во која се наоѓа, а тоа сеуште се згуснува и се вжештува и како поминуваат песните притисокот расте како да одите кон центарот на земјата степен по степен. Сето тоа изразено преку фотографиите во буклетот најдобро ќе го сфатите. Темно сини матни фотографии во кој што неочекувано свети некоја црвена точка притисокот е нормално голем го закривува просторот потоа следува Makes me wanna die права тема која најкатегорички покажува што дефинитивно сака да прави Tricky. Репрезент на неговиот вистински стил пее Martina секако еквивалент на after math од Maxsinauaye. Албумов содржи напнати и напорни теми како Ghet to youth и sex driver како и сите до крајот. Тешки за слушање иако квалитетни тие му даваат на албумот тежок и напнат акцент и го прават напорно неслушлив. Потребна Ви е некоја екстремна состојба или на претерана опуштеност или најголема концентрација за да го преслушате во целост. Меѓутоа и покрај таквата аспирација тоа е невозможно неизводливо без забрзување на песните. Тоа е основната одлика на албумов од каде се забележува доста видливо синдромот на втор албум иако таа затворена дефиниција која ја изразува стереотипноста на критичкиот кодекс воопшто не ја почитувам и не и придавам значење. Албумите не би требало да се оценуваат компарирајќи ги со претходните, поради тоа што секако од стилски еднакви албуми. првиот секогаш ќе се смета за поинвентивен зашто го конституира стилот на бедот или правецот By the wau Tricqy издаде и албум со проектот Nearly god во кој работи во колаборација со Bjork, Nene Cherry, Martina итн. Поапстрактивен и амбиентален матери-

јал во кој сакал да ги испроба квалитетите на своите соработници повторно доволно длабински и суштински и материјално но прекрасно и фасцинантно. За да го задржи континуитетот во креацијата во 98-та година Tricky го издава својот трет по ред официјален албум кој од пробритански ориентирана критика не беше прифатен со воодушевување или воопшто не беше прифатен. Можеби не само што албумот им звучел неинвентивно, неиздржано или пак неквалитетно, најверојатно и очигледно се презаситени од Tricky и неговата музика, го видоа иживеаа и толку. Дури и сега како трет албум да го издадеме Maxsinauaye немаше да го прифати. Албумот не само што не лош туку е и доста квалитетен. На сите им пречеше тоа што е претерано мрачен и темен. Е па, секаде и кај секого не може да биде розово и да растат цвеќиња. Албумот е наречен Angels with dirty faces кој најдобро ја отсликува симболиката на целиот концепт на албумот. Фундаментот на овој албум го сочинуваат посекавични ритмови кои со брзината на светлината се пробиваат низ претерано мрачната мелодија. Како за Tricky да се завршало бристолската атмосфера. Сé е едно врз друго гласовните секвенци, мрак, неправилни ритмови бизарност. Во Broken homes доаѓа и новоста со Tricky пее и D.J. Hervey, рокенрол кралицата па и не се разликува толку од Martina. Албумот е навистина мрачен и тоа онака егзистенцијалистички мрачен, а пред сé е и бизарен. Омотот содржи заматени мрачни фотографии кои потенцираат бизарност на музиката и комплетно кореспондира со неа. Ако го слушате претерано ви се успорува времето, атмосферата се згуснува ви паѓа притисокот се забавувате едноставно ве фаќа хронична мрза не можете да се помрднете. Не е препорачливо за психички лабилни личности и за оние со едицидални тенденции. Слушајте посончева музика!

Tricky -Juxterpose (Исланд)

Juxterpose е пак четвртиот албум на Tricky кој веќе хиперпродуктивно вади секоја година по еден албум и тоа во буквална смисла. Според фактот дека Tricqy е од пеколот и дека сите албуми ги прави според тамошните принципи и атмосфера овој пат излегува на површината и забележува дека е пролет диши чист воздух а прави и поотворена музика која асоцира на утро на разѕленување на пролет пред сé. Се насетува сеуште засипнатиот рапав вокал но музиката е посвежа. Направен е во кооперација со DJ Muggs и DJ Grease. Песните како и во секој албум звучат подеднакво што секогаш прави впечаток на концептуален албум. Ритмовите воедначени а вокалите несвојствено интересни. Сепак чудесно интересно. По сето ова остануваат две нерешени прашања: со кого уште Tricky нема да колебарира и кога ќе прави албуми.

Антонио Димитров

ASTRAL PROJECTION - ПИОНЕРИ

Очекувајќи го крајот на милениумот како една од најпопулационите GOA - TRANCE групи, играјќи водечка улога во една од најдобрите издавачки куќи TRUST IN TRANCE и воопшто во израелскиот PSYCHDELIC TRANCE, Астрал се припремаат да го прослават своето десетгодишно постоење со очекување да се појави новиот албум ASTRAL FILES - 2.

Околу ова се спореше дека тоа ќе им го уништи квалитетот и покрај тоа што се надеваме на нешто посолидно.

Стартуваа 1989 година под името sex па подоцна се трансформираат. Стекнуваат светска слава кога IN-NOVATION, MANADEVA и скоро сите траки од ASTRAL FILES (1996) стануваат хитови појавувајќи се на добри компилации како што беше на пр. DISTANCE TO GOA, TANTRANCE и сл.

Успехот продолжува и не изостанува и на "ANOTHER WORLD" (1999) каде што е сместен и еден сличен RMX од постарите хитови MANADEVA'99, што значи старите волци не се откажуваат, годинава еден од членовите AVI NISSIM објави исто така некои свои синглови.

ASTRAL PROJECTION изработија и некои добри амбиенталки како што беа ELECTRONIC, AMBIENCE, AMBIENT GALAXY, STILL ON MARS намалувајќи и до 100 bpm.

Во секој случај ќе останат запаметени како група на која барем досега ѝ успева да биде во комерцијала а дел го поддржува својот препознатлив sound со елементи од традиционалната еврејска мелодија како и својот квалитет.

САКАТЕ ЛИ ДА СПИЕТЕ?

1. Дали во текот на работниот ден имате желба за спиење?

а) многу често
б) понекогаш
в) никогаш

2. Дали поминувате многу време до телевизорот или компјутерот?

а) многу малку
б) речиси цело слободно време
в) многу

3. Колку спиете за време на викендот?

а) не многу
б) цело претпладне
в) малку повеќе отколку во работните денови

4. Постојат ли причини поради кои лошо спиете ноќе?

а) да, мислам на дечкото (девојката)
б) да, има многу причини
в) не

5. Дали некогаш ви се случува да не можете да заспиете?

а) постојано
б) не
в) да си легнувам доцна

6. Дали лесно се будите наутро?

а) се будам со будилник
б) многу тешко
в) се будам сам(а)

7. Ви се случило ли некогаш да заспиете во градски автобус?

а) не
б) да, ако сум ненаспан(а)
в) понекогаш

8. Можете ли со сигурност да кажете колку треба да се спие?

а) малку
б) колку што се може
в) колку што сакам

9. Ви се случило да станете пред навиен будилник?

а) не
б) зависи ако полагам
в) да

10. Дали некои од овие фактори го комплицираат вашиот живот?

а) учам навечер
б) работам ноќе
в) премногу работам

Најмногу одговори под "а"

Вие спиете недоволно и затоа вашиот организам постојано се труди да го надополни изгубениот сон, Имајте сожалување кон себе и сменете го начинот на живеење. Тогаш сигурно вашиот живот ќе се исполни со нови доживувања.

Најмногу одговори под "б"

Вие успевате да ги балансирате можностите за потребен сон со потребите на вашиот организам. Можеби не се наспивте доволно во работните денови но затоа за време на викендите умеете да се одморите.

Најмногу одговори под "в"

Другите можат само да ви позавидат. Вие имате можност да спиете колку што сакате. Денес тоа е навистина ретко, но дали е многу добро? Гледајте само да не го поминете целиот живот во спиење.

Ј.Д.

ТЕСТ ЗА ПРОВЕРКА НА СВОЈАТА СПОСОБНОСТ

Пред нашите очи е сегашноста што мора да занеме да ја воочиме и проштолкуваме, како би можеле лесно да ја контролираме.

Седнете на мирно место, подалеку од телефонот и галамата што доаѓа однадвор. Три пати длабоко вдишете и опуштете се. Потоа погледнете ги шесте кругови означени со буквите од А до F. При тоа имате две минути да ги запаметите. Од центарот на секој круг почнуваат дванаесет линии, а вие мора да се трудите да запаметите која линија во кој круг е испрекината. Потоа покријте го цртежот и на лист хартија забележете ги резултатите на пример: која е испрекинатата линија во кругот А? Брзо напишете го одговорот и споредете го со решението. Колку е поголем бројот на точните одговори толку способноста за внимание е поголема.

Решение: Во секој круг од сликата е содржано самото решение.

Оценување на одговорите:

- ако сте запомниле само 2 испрекинати линии = недоволен

- ако сте запомниле 3 испрекинати линии = доволен

- ако сте запомниле 4 испрекинати линии = добар

- ако сте запомниле 5 испрекинати линии = многу добар

- ако сте запомниле 6 испрекинати линии = заслужувате оцена одличен, значи вашата способност за внимание е извонредна.

Доколку не постигнете задоволителни резултати не се обесхрабрувајте, туку тоа земете го за поттик за вежбање на своите способности на внимание, а после неколку месеци повторете го тестот, и ќе бидете изненадени од резултатот што ќе го постигнете.

Бојан Марина



ДАЛИ СТЕ ОМИЛЕНИ?

Да ја заслужите љубовта, не мора да бидете со личност која не знае да рече "не". Потребен ви е некој, но дали на другите си им потребен. Ако сакате да дознаете дали сте омилени, решете го тестот.

1. Ваша најдобра (неквалификувана и необразована) пријателка бара работно место во вашата фирма и бара помош. Вие:

а) ѝ пишувате извонредна препорака во која и ја ветувате својата оставка ако не успее

b) место можат да добијат луѓе кои работат во фирми и ѝ предлагате да се обрати до заводот за вработување

c) ќе ѝ кажете дека сакате а постојано го обавестувате шефот за нејзиниот статус на "губитник"

2. Познаничка ве моли да ѝ бидете кума на венчавката. Би сакале ова да го прескокнете зашто неа не ја познавате најдобро, а нејзиниот вереник не сте го никогаш виделе.

а) кажувате дека сте поласкани, но одбивате зашто сте претрупани со работа

b) прифаќате а веднаш почнувате да размислувате како да се извлечете

c) го молите Бог да се смешкате кога го спомнала свадбениот поклон

3. Излегувате со него шест месеци. Може да е вистинскиот но кружат гласини дека ноќите не ги минува по кафињата и гледање ТВ. Ситуацијата ја решавате:

а) игнорирајќи ја. И тој ќе се измори и ќе сфати каква будала ќе биде ако ве пушти

b) карајќи се, првин ќе дознаете дали е вистина, па после за понатаму

c) напуштајќи ја. Следниот пат кога ќе посака да ве извести ќе мора да го чека својот ред

4. Со месеци штедиш за mountain-bike. Скоро заштедивте доволно кога неодговорната најдобра пријателка ви бара кеш на заем

а) велите дена немате и го одлагате купувањето на велосипедот да не посумња

b) ѝ давате, без прашање за што и требаат

c) се согласувате да ѝ помогнете но само ако "хитниот случај" не подразбира крстарење

5. На пат ве "окупира" некоја жена

а) го слушате нејзиното брбланье, па се жалите на пријател, за досадата надевајќи се дека тие ќе ве избават

b) изнаоѓате нешто занимливо во нејзиниот монолог мислејќи дека секоја личност е понешто интересна

c) ја надвивате со рецитирање на целата повест од болести

6. Ја позајмувате камерата на пријателката и ја изгубувате

а) признавате, искрено се извинувате и ѝ купувате веднаш нова

b) признавате дека сте погрешиле откога сте ѝ купиле подобар и поскап модел

c) ја потсетувате на инцидентот со вашата видео касета и ѝ велите дека сте "квит"

7. Сте отишле кај пријателката пред излегување и ве праша дали ѝ се трапериците прекратки. Се плашите дека ќе ѝ пукнат штом се обиде да седне, а ѝ велите:

а) нели ти е поудобно во нешто друго? Што велиш за "шик" сукњата што ја имаш?

b) "ма какви! Секогаш изгледаш супер"

c) "тоа се траперици? мислев дека се хеланки. Ај се шалам!

8. Најдобрата пријателка ви добила фантастична работа, за која "сонувала" со години

а) правите голема торта во нејзина чест

b) ѝ честитате и ја водите на вечера

c) ѝ посакувате среќа, ја изведувате ѝ и оставате сметка (сега има добра плата, може да се дозволи)

9. Да или Не

a) ги знаете ли имињата на шефовите, пријателите и колегите

b) дали ви е познат прилично маминиот дневен распоред

c) Помните ли кој кога е роден

d) Ги посетувате ли пријателите кога се болни?

e) Им се јавувате ли на пријателите редовно "во далечина"?

f) Се сеќавате ли на поединечните детали на бившите, пр. што е нивна омилена храна?

g) Делите ли редовно совети?

10. Дечкото во кој сте заљубени ве повикува на интимна вечера за двајца во својот стан. Секако, без свест сте, но сакате точно да знаете што чувствува спрема вас. Вашата стратегија:

a) Одите неоптеретена. До утре ќе знаете на што сте.

b) Помагате околу вечерата. Сакате да му биде јасно дека сте жена на која може да рачуна

c) Водите пријател, кој ќе се изгуби на ваш знак.

11. Во излогот сте забележале огрлица која многу ѝ се допаѓа на вашата сестра.

a) ја купувате - без обзир дали можете да се дозволите и ѝ ја поклонувате

b) ја купувате и чекате до нејзиниот роденден

c) ја купувате за себе, надевајќи се дека и на вас ќе ви стои - толку добро како на неа.

12. Марама од кашмир купувате од распродажба по поволна цена.

Кога колешката ви дава комплименти вие:

a) се заблагодарувате и ѝ кажувате како сте ја купиле

b) се заблагодарувате и кажувате дека ви е поклонета пред да ве прашаат од каде ви е

c) кажувате точно како сте ја купиле, па покажувате дупче на работ

13. Излегувате на ручек со пријател. Немате пари па порачувате малку. Кога стигнува сметката вие:

a) ја погледнувате и го плаќате својот дел

b) ја препуштате математиката на друг некој, па плаќате повеќе отколку што сте потрошиле

c) го вадите калкулаторот и пресметувате точно колку должите

14. Вашиот брат се фали често со убавата нова девојка. Но кога ќе ја запознаете не сте импресионирана. Потоа:

a) неконтролирано и пеете благодарница

b) му велите дека ви е драго што е среќен и дека едвај чекате подобро да се запознаете

ц) му велите, кога ја оставил, му велите дека има пријател која е негов тип

РЕЗУЛТАТИ

1.	**a) 1**	**b) 2**	**c) 3**
2.	**a) 2**	**b) 3**	**c) 1**
3.	**a) 1**	**b) 2**	**c) 3**
4.	**a) 3**	**b) 1**	**c) 2**
5.	**a) 1**	**b) 2**	**c) 3**
6.	**a) 2**	**b) 1**	**c) 3**
7.	**a) 2**	**b) 1**	**c) 3**
8.	**a) 1**	**b) 2**	**c) 3**
9.	**по 1 бод за секој НЕ одговор**		
10.	**a) 2**	**b) 1**	**c) 3**
11.	**a) 1**	**b) 2**	**c) 3**
12.	**a) 2**	**b) 3**	**c) 1**
13.	**a) 2**	**b) a**	**c) 3**
14.	**a) 1**	**b) 2**	**c) 3**

***

14-24 Очајничка

Во главата имате идеи дека не сте доволно добри и дека луѓето не ве сакаат. Тоа го надополнувате со бескрајно давање на сé што имате, никогаш не жалејќи. Вашиот труд е безвреден. Такво однесување од вас ѝ се очекува. Иако само барате да сте сакана и ценета, вистина е дека луѓето ги презираат "високите" крајно несебични и пожртвувани луѓе. Погледнете околу себе, премногу време трошите грижејќи се за што другите мислат.

25-35 Прекрасна

Кога пријателите ве погледнуваат во очи, го гледаат најдоброто во себе. Да сте омилена, морате да ги поттикнувате луѓето да бидат задоволни со себе. Вие тоа го правите. Искрена сте, слушате, прифаќате, се смеете, омилени сте. Ви се допаѓа она што го слушате. Уживате во туѓ успех: без завист, сарказам. Големодушноста доаѓа од еден извор: вашата љубезност не се поврзува со потреба, а луѓето тоа го сакаат.

36-46 Не ви е лесно да сакате

Можеби сте шармантни и паметни, но понекогаш го одбивате луѓето поради јаката самосвест. Кога некој рече дека сте егоцентрични, значи дека моментално сте насочени кон себе, но не бидете себични, со својата препотенција, им зимате нешто на другите. Егоцентричните луѓе имаат пријатели, себичните немаат.

ЕВЕ 35 ПРИЧИНИ ЗОШТО ЖИВОТОТ БЕЗ ПАРТНЕР Е ПОВЕЌЕ ОД ОК!

1. Можете мирно да кокетирате, а за тоа на никој да не се правдате.

2. Не мора никој да наметнувате на своите родители, ниту да им се правдате, ниту пак да ги лажете.

3. Можете да се заклучете во соба и да пеете на цел глас, колку сакате, уживајќи во музиката по свој избор, а не негов.

4. Можете да уживате во компјутерските игри, а никој да не ве нарече детинест.

5. Можете саботата навечер да ја поминете во друштвото на старите пријатели без да имате грижа на совест.

6. До бесвест можете да се најадете млад лук или кромид.

7. Дневникот ќе ви биде исполнет со интересни настани.

8. Шопингот со пријателки е поинтересен со пријателка отколку со дечко.

9. Школо, работа, задачи, спорт, концерт, обврски па зарем би имале време за дечко?

10. Ќе имате повеќе место во шкафот.

11. Ќе имате повеќе време за пријателите.

12. Не мора да ја читате досадната книга подарена за Божиќ.

13. Ќе имате повеќе време за фитнес клуб.

14. Не мора да се грижите дали сте повисока од него во кондури со високи потпетици.

15. Нема да имате "флеки" по лицето заради неговата брада.

16. Не мора да водите разговор каде води вашата врска.

17. Баш е штос да можете сама да ја смените гумата на автомобилот.

18. Не мора да се депилирате, ако тоа не го сакате.

19. Признавате дека гледањето фудбал и не е некоја забава.

20. Пријателката нема да ви замери, и ако се спремате за излегување сто години.

21. Со "самотијата" ги надополнувате критериумите за вашиот иден дечко.



22. Има ли помачно нешто од вечер помината со вашиот дечко, неговите родители, (кои често ве меркаат), и неговата чудна сестра.

23. Можете да се ошишате сосема кратко.

24. Не морате да го исчекувате неговиот телефонски повик.

25. Не може повеќе никој да ве остави.

26. Нема прељуба.

27. Збогум на долгото незгодно молчење.

28. Далечинскиот управувач е конечно во вашите раце.

29. На некои дечки им смрдат нозете.

30. Не мора да мислите дали ве сакаат неговите пријатели.

31. Никој повеќе нема да ја мачи вашата мачка.

32. Нема да се прашувате што пропуштате.

33. Парите за скапиот поклон за него, сега ќе ги протрошиш за себе.

34. Нема бивши девојки.

35. Ништо не е така мистериозно и примамливо повеќе од сама жена која знае тоа да го искористи.

од 15.11 до 15.12.1999

Овен

Напредувајте и размислувајте позитивно, затоа што доколку се оптоварувате со само од вас видливи проблеми ништо нема да постигнете. Храброста и упорноста отсекогаш го краселе вашиот карактер, не дозволувајте моментални искушенија и животни предизвици да ги неутрализираат вистинските вредности на вашата личност. Здравје: подобро ќе ви дојде прошетка во природа отколку седењето дома и мислењето.

Бик

Планетата Јупитер ви овозможува духовно и интелектуално напредување што ќе внесе позитивна промена во вашиот живот. Насочете се кон пријателите и блиските лица и искористете ја оваа недела за дружарување и забава бидејќи со изолација и внатрешна повлеченост нема да успеете да го надминете меланхоличното расположение. Здравје: Ако лекарот ви препишал лекови немојте да сте нервозни - тие не се за гледање.

Близнаци

Ѕвездите се поволно поставени кон вашиот зодијачки знак затоа искористете ги за спроведување на идеите на професионален план и доживување на романтичните мигови во љубовта. Оваа недела е хармонична за преземање на дополнителни одговорности во домот и семејството и за посета на лица кои ги сакате и почитувате. Здравје: Здравјето ви е солидно, продолжете со тоа темпо.

Рак

На сентиментален план маглата се расчистува, небото се разведрува. Пред вас се денови во кои ќе доживеет многу убави нешта. Не се оптоварувајте се со непотребен песимизам и меланхолија бидејќи ѕвездите ви се наклонети. По дожд иде сонце: Здравје: Намалете ги цигарите, кафето и алкохолот а зголемете го количеството на овошје и зеленчук.

Лав

Припадниците кои се во врска се наоѓаат на два чекора од успехот и на два од неуспехот внимавајте на која страна ќе тргнете. Слободните ќе имаат средба со лице кое ќе се обиде да ги убеди во некои нешта. Здравје: Вашиот организам е имун на сите полесни болести.

Девица

Во непосредна околина се наоѓаат лица кои делуваат негативно врз вашата психофизички состојба иако сте свесни за нивното влијание не покажувате храброст и решителност но ќе се каете. Подобро спречете го отколку да до лечите. Време е да го направите потребниот чекор. Здравје: Синусите моат да ви направат големи проблеми. Прегледајте се додека не е доцна.

Вага

Ладното време ќе донесе и заладување во вашиот сентиментален живот. Не треба да сте толку тврдоглави променете го начинот на постапување и ќе бидете позадоволни и посреќни. Кон крајот на периодот ќе слушнете пријатна вест која ќе ви даде волја за живот. Здравје: Оние кои имаат хронични болести во овој период ќе имаат многу непријатности.

Шкорпија

Високиот потенцијал на креативна енергија потребно е да го искористите во области кои умеат да ве стимулираат и релаксираат при тоа овозможувајќи ви период на внатрешна опуштеност на емотивно поле непотребно се оптоварувате со проблеми на другите лица. Здравје: Единствен лек кој ќе ви помогне е одморот.

Стрелец

Треба да сфатите дека во љубовта не може да бидете акробат. Одењето по жица меѓу две лица ќе останете сам. Тој "луксуз" воопшто не ви е потребен. Радувајте се на она што го имате да не останете и без тоа. Слободните не треба да се залажуваат со лицата или премногу им ласкаат. Здравје: Без промени.

Јарец

Не правете погрешни потези на финансиски план затоа што влијанието на планетата Нептун може да предизвика криза и разочарување кое дополнително ќе го оптовари вашиот живот. Во љубовта потребно е прилагодување и толеранција во контактите со емотивниот партнер. Здравје: Време е да сфатите - болестите не се добиваат туку така.

Водолија

Убава можност за реализирање на интелектуалните желби и обврски не би требало да ја пропуштите. Доколку ви се отвори перспектива за далечно патување искористете го затоа што ѕвездите ви овозможуваат успех. Оваа недела е полна со контакти со непознати лица и запознавање со други места. Здравје: Без промени.

Риби

На работното место ќе воспоставите хармонија со соработниците и надворешните лица. На деловен плаб имате убава можност за хармонична соработка и реализација на заостанатите обврски. Љубовната ситуација треба да ја разрешите да знаете на што сте. Здравје: Повремена контрола не би ви штетела.

Чувајте го здравјето бидејќи ќе ви треба.

	1	2	3	4	5	6				
7										
8										
9										
10										
11				12			13	14	15	16
17					18					
19						20				
21			22							
	23							24		
25							26			
27						28				
29					30					
31			32							
33		34					35			
36				37						

СКАНДИНАВКА

1. Сојуз, здружение
2. Личност од стриповите (фотос)
3. Глинен музички инструмент
4. Музички знак
5. Скијачот Едалини
6. Држава во Азија
7. Личност од грчката митологија
8. Слики, појави, фигури
9. Лекар (грч.)
10. Другари, пријатели (арх.)
11. Артистката Жирардо
12. Еден извик - француска артистка
13. Филозофот Аквински
14. Пејачката Сумак
15. Американска артистка
16. Следбеници на Арис
17. Дело од Емил Зола
18. Хунски водач - вид дрво (мн.)
19. Смрзната роса
20. Артистот Шариф - град во Јапонија
21. Ана Окса
22. Власи, Цинцари - град во Русија, на Урал
23. Вид растение - козачки поглавар
24. Ацо Јовановски - пребројување
25. Рус човек со бенкичаво лице (мн.)
26. Бугарска телеграфска агенција - швајцарска новинска агенција
27. Планински ланец во Европа
28. Изотоп на озонет - син од ќерка
29. Мелодии, напеви
30. Реден број (мн.) - показна заменка
31. Марлен Дитрих
32. Бесмислица, глупост - Керол Ломбард
33. Ампер
34. Индијански чамец - електрон
35. Руска негација - тон
36. Филм со Џоди Фостер
37. Артисти

- Остани мирен, за да можам да те фотографирам

Миланчо Миленкоски

ФОТО 2000

За Студенти

25% попуст

Локација:
Партизански одреди 27
91000 Скопје

тел. 212-134

SNACK BAR ROYAL

Во Т.Ц. Олимпико
до студентски дом
"Гоце Делчев"
91000 Скопје

Работно време:
24 часа

тел. 091/363-022

Бифе - ресторан "ДИОГЕН" во Филозофскиот факултет,
пријатно кафче за секој студент

Работно време:
Секој ден од 08 до 17 часот



Hisar Turizam

0911/233-622; 133-067

За сите студенти од
Филозофски факултет
попуст од 10%

Патувајте брзо и удобно со автобусите на "Хисар туризам" на следните дестинации
- СКОПЈЕ - ИСТАНБУЛ, Секој ден во 15 часот,
- СКОПЈЕ - ЗАГРЕБ - ЉУБЉАНА, СКОПЈЕ - РИЕКА - ПУЛА